**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 15,07 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Радмила Шеќеринска, Владо Бучковски и Лазар Китановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата за системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

62 пратеници се присутни.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 10-та и 13-та седница на Собранието ви се доставени. Дали некој има забелешки на записниците. Нема.

Констатирам дека записниците од 10-та и 13-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија, Предлог на одлука изменување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на Шеф и членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот, Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание во Советот на Европа, Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседателе, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

(пратеникот Јани Макрадули бара збор процедурално)

Процедурално, Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Се извинувам што ќе упаднам малку, процедурално, во текот на седницата. Имено, за што се работи?

На 24 ноември, 28 пратеници од пет пратенички групи побараа посебна седница за разгледување на Извештајот за напредокот на Република Македонија, од страна на Европската Комисија. Како потврда за тоа, во прилог ја дадовме Одлуката на Комисијата за Европски прашања, каде што претседателот Тито Петковски заклучува да се свика посебна собраниска седница за евроинтегративните процеси по повод годишниот Извештај на Европската Комисија. Се повикуваме и на Декларацијата што ова Собрание ја има усвоено за решителноста на Собранието во градењето или во придонесот на Собранието во градењето на позицијата во процесот на приближување на Република Македонија до членство на Европската Унија, што би го направиле со свикување на посебна собраниска седница за процесот на евроинтеграција најмалку еднаш годишно, веднаш по објавувањето на годишниот Изештај.

Мислам дека, кога од Собраниево имаме донесено Декларација, кога Комисијата за Европски прашања повика или заклучи да се свика посебна собраниска седница, мислам дека од 9 ноември се изминати голем број на денови а собраниската седница сеуште не е закажана, затоа би ве замолил јавно, овде, ако е можно тоа, да не известите кога планирате да ја закажете таа седница за да можеме да се подготвиме, а во

меѓувреме имате закажано две-три други седници.

Затоа барам од вас, согласно Деловникот, со оглед на тоа што се потпишани повеќе од 20 пратеници, согласно Декларацијата што ова Собрание ја има усвоено, согласно Одлуката на Комисијата за Европски прашања, истата седница за разгледување на Извештајот да ја закажете и да можеме да дебатираме во еден нормален рок после 9 ноември, а не тоа да го направиме, можеби, до година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски**: Еве го моето објаснување.

Ова е чукање на отворена врата, веројатно заради подготовка на јавноста, на она што ќе следува. Ние вчера имавме координација во која, сите едногласно се согласивме дека со таа седница треба да се даде огромна важност на Извештајот, на таа седница да се обезбедат врвните луѓе на нашата земја и таа седница, тоа да се направи во што пократок рок.

Според тоа, не разбирам зошто е ова . . .

(Пратеникот Јани Макрадули повторно бара збор)

Повелете, вие додуше и не бевте таму, но вашиот заменик беше на координацијата.

**Јани Макрадули:** Господине претседателе,

Јас бев на првата координација, каде што се договоривме дека веднаш ќе го закажеме, но тоа беше на 11 ноември. Но, гледам дека она за што се договараме на координација, како што исто се договаравме за потпретседателите, не излегува во јавноста. Затоа јавно бараме да ни соопштите кога ќе биде седницата. Вие, на координација можеби ни зборувате нешто, но во пракса не се случува тоа.

Исто, на координација се договоривме седницата да се закаже веднаш. Бидејќи во пракса не се случува нешто, јас морам да интервенирам во име на пратеничката група и во име на пет партии што се потпиќани на ова Барање. Тоа, согласно Деловникот треба да се направи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е ваше право. Но, јас не гледам потреба за секоја координација да свикувам конференција за печат и во медиумните тоа да го објавувам, затоа што сето тоа е прелиминарно. Има некои работи што ќе си дојдат полека на свое место. Има некои работи што ги решава Претседателството, кое за жал уште не постои како институција. Има некои работи што ќе си дојдат кога ќе им дојде времето. Се ќе си дојде кога ќе му дојде времето. Пред време ништо не може. Природно ќе си дојде.

Јас не знам, меѓу другото, дали ќе беше подобро на 11 ноември да дискутираме без оваа добра вест од НАТО или е сега подобро, после добрата вест од НАТО. Се е релативно. Но, ќе биде се како што треба.

Добро, има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Како што вие ги прочитавте претходно одлуките што ги донесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата на вчерашната и на денешната седница, сите тие одлуки се неопходни за побрзо конституирање на Собранието, односно за првата одлука, а тоа е за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија и целосен состав на Претседателството на Собранието на Република Македонија.

Исто така, другите одлуки што вие ги прочитавте, се доставени до пратениците, произлегуваат од носењето на измената на Одлуката за оформување на делегации и парламентарни групи, што се во делегациите на НАТО, ОБСЕ, ЦЕИ, Парламентарното Собрание на Медитеранот, треба да има заменици членови. Со оглед на тоа, постапувајќи по таа одлука што ја донесе ова Собрание, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на вчерашната и денешната седница ги донесе тие персонални решенија.

Битно е и тоа дека Комисијата за прашања на изборите и именувања ја донесе и Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата, што го налага Законот за заштита на конкуренцијата и сметам дека е итно и неопходно на оваа седница да се разгледаат овие точки на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Прлогот за избор на потретседатели на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 71, воздржан 1, против 4.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогор на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови, нивни заменици на Советот на собранискиот канал да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 70, воздржано 3, против 1.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржан 1.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 76, против и воздржани нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација да разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, сите 77 гласале за.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 75, воздржан еден.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, сите 79 гласале за.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на ше, членови и заменици на  членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, сите 81 гласале за.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 76, воздржан еден.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели и членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, 76 гласале за, воздржани два, против ниема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија ;

2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на собранискиот канал;

3. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;

4. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Итерпарламентарната унија ;

5. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација;

6. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;

7. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;

8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа;

9. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во

Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

10. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата;

11. Предлог на одлука за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија.

12. Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот за доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за оружје со заслепувачки ласер (Протокол ИВ од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја ЦЦЊ), со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за експлозивни остатоци од војна (Протокол В од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја), со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за враќање и преземање на лица кои престојуваат без одобрение, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за измена на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Република Австрија за преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за прекугранична полициска соработка, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71, за гласале 70, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за избор за потпретседатели на Собранието на Република Македонија.**

Предлозите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието избира потпретседатели на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.

Отворам претрес по предлогот Иван Анастасовски да биде избран за потпретседател на Собранието.

Молам, кој бара збор?

Процедурално, повелете, Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Бидејќи на дневен ред ни е избор на потпретседатели, од моето парламентарно искуство и од практиката секогаш кога се прави избор на носители на јавни функции во оваа насока потпретседателите на Собранието на пратениците треба да им се подели информација во однос на биографијата на кандидатите.

Колку што ми е познато, колку што имам информации, мислам дека ова не е направено и би било добро барем преку доставување на нивните биографии или кратка информација да се запознаеме со нивната биографија.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа треба да е некаков технички пропуст, сега ќе откриеме.

Жалам, тоа е пропуст, и давам половина час пауза за да се доставaт биографиите.

(Пауза од 15,33 до 16,14 часот)

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Пред да продолжиме уште еднаш сакам да ве замолам да го извините овој пропуст на службите, но и тие луѓе, можат и да згрешат.

Пред тоа, исто така би сакал да ве замолам да ги поздравиме господата Волфганг Це од Германскиот Бундестаг и господинот Клетман, шефот на Конрад Аденауер.

(Аплауз)

Има збор Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам по однос на оваа точка околу изборот на потпретседателите на Собранието да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ.

Ќе бидеме воздржани, притоа не навлегувајќи во партиските комбинаторики околу кадровските решенија, едноставно до сега во парламентарната пракса во Република Македонија секогаш едно од потпретседателските места било понудувано на опозицијата.

Имало периоди кога опозицијата го прифаќала ова потпретседателско место, имаше период кога во Република Македонија не беше прифаќано потпретседател на Собранието на Република Македонија од страна на опозиционите партии.

Со конституирањето на овој состав на Парламентот на една од координациите, официјално беше понудено едно потпретседателско место за опозицијата од редовите на СДСМ и беше побарано име. Подоцна, откако ја прифативме понудата, парламентарното мнозинство се откажа од оваа идеја и не дозволи да има еден потпретседател од страна на опозицијата. Со тоа мислиме дека не се прави напор за воспоставување на нормална комуникација, мислевме ако има еден потпретседател од опозицијата ќе можеме да се договараме за поефикасна работа овде во Парламентот и со тоа ќе покажеме јасна политичка волја за дијалог помеѓу сите партии во Парламентот.

Од сите овие причини кои ги наведов, СДСМ ќе биде воздржан во однос на изборот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Кој друг бара збор?

Има збор Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Да не остане нејасно пред јавноста зошто овој пат нема понуден потпретседател на Собранието на Република Македонија од опозицијата, должна сум да го изнесам ставот на парламентарното мнозинство кое беше пренесено на опозицијата на нашите заеднички координации.

Бидејќи е во тек изработка на Деловник за работа на Собранието на Република Македонија, во одредбите во Деловникот на драфт верзијата која е подготвена јасно е назначено дека во Собранието на Република Македонија ќе има повеќе потпретседатели и дека нормално и опозицијата ќе има потпретседатели на Собранието.

Ние се надеваме дека ќе постигнеме заедничка согласност и дека во текот на месец декември ќе го изгласаме новиот деловник за работа на Собранието и опозицијата ќе има свои потпретседатели на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Оливер Спасовски, претпоставувам реплика, повелете, три минути.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, ова воопшто не можеме да го прифатиме како причина или како оправдување зошто нема еден од потпретседатели од опозицијата, бидејќи уште во август на една од координациите од страна на претседателот на Собранието беше понудено едно од потпретседателските места да биде на опозицијата односно на СДСМ. Тогаш не разговаравме ниту беше размислувано за нов Деловник, туку за постоечката состојба која ја имавме.

Токму заради тоа е нашата реакција и изнесуваме таков став дека ќе бидеме воздржани, без да навлегуваме во партиските комбинаторики во однос на кадровските решенија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот пратеникот Иван Анастасовски да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеника, за гласале 65, воздржани 14, против 1.

Констатирам дека пратеникот Иван Анастасовски (аплауз) е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија. Ви честитам.

Отворам претрес по предлогот Бесим Догани да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот пратеникот Бесим Догани да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеника, за гласале 60, воздржано 14, против нема.

Предлагам поименично гласање...

Силвана Бонева побара збор и Илија Димовски.

**Силвана Бонева:** Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дозволете поединечно гласање, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Да го слушнеме и Илија Димовски.

За истото е.

Преминуваме на поединечно гласање.

Предлогот на ставам на гласање, ќе гласаме поединечно.

Предлогот да се гласа поименично го ставам на гласање.

Повелете да се изјаснуваме.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците од пратеничката група на ДУИ ја напушти салата)

Уште еднаш ве повикувам да гласаме.

Гласале 63, за гласале 63, воздржано и против нема.

Констатирам дека предлогот за поединечно гласање е усвоен.

Ја повикувам госпоѓа Рокса Георгиевска, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија, да го изврши поединечното гласање.

**Рокса Георгиевска:**

1. Авировиќ Владанка за
2. Адеми Џеват отсутен
3. Насер Ајдини за
4. Алити Рафис отсутен
5. Анастасовски Иван за
6. Андов Стојан за
7. Андоновска Марија за
8. Арифи Теута отсутна
9. Ахмети Али отсутен
10. Бендевска Весна отсутна
11. Беџети Блерим отсутен
12. Бонева Силвана за
13. Божиновска Валентина за
14. Бучковски Владо отсутен
15. Буџаку Агрон отсутен
16. Вејсели Абдулади отсутен
17. Велиу Фазли отсутен
18. Вељаноски Трајко за
19. Витанов Зоран отсутен
20. Георгиевски Љубиша за
21. Георгиевски Љубчо отсутен
22. Гештаковски Кире воздржан
23. Герамитчиоски Тале воздржан
24. Ѓелова Стојанова Соња за
25. Гинев Јован за
26. Грковска Славица воздржана
27. Грозданов Цветко за
28. Дамески Панче за
29. Даневски Томе за
30. Деркоски Оливер за
31. Димеска Катерина за
32. Димитриевски Дарко за
33. Димитровски Ратко за
34. Димовски Илија за
35. Догани Бесим за
36. Додовски Марјан за
37. Дончев Данаил отсутен
38. Дулиќ Благородна за
39. Дураки Садула отсутен
40. Ѓорѓеска Ружа за
41. Ѓорѓиевски Веле за
42. Ѓорчев Владимир отсутен
43. Жерновски Андреј отсутен
44. Зашов Благој за
45. Ибиши Хазбије за
46. Иванов Љубисав-Ѕинго отсутен
47. Иванова Цветанка воздржана
48. Ивановска Јаготка за
49. Ивановски Игор воздржан
50. Јакимовска Светлана за
51. Јакупи Зумрете отсутна
52. Јаневска Весна отсутна
53. Јашари Аднан отсутен
54. Каба Гарип за
55. Кадри Фљора за
56. Киров Ацо за
57. Кипаризовска Крстеска Анита за
58. Китаноски Илија за
59. Китаноски Лазар отсутен
60. Кондарко Борис воздржан
61. Коцев Ванчо за
62. Крстевски Стојче за
63. Куновска Јагнула за
64. Лалчевска Ристанка за
65. Макрадули Јани воздржан
66. Манасијевски Јован отсутен
67. Маркоски Гоце за
68. Матоши Ружди за
69. Мисовски Горан за
70. Митаноски Веле за
71. Митрева Илинка отсутна
72. Младеновска-Ѓорѓиевска Мери воздржана
73. Мустафа Неждет за
74. Најдовски Слободан воздржан
75. Незири Хади за
76. Незири Сафет отсутен
77. Николов Марјанчо воздржан
78. Николоски Александар за
79. Оровчанец Ѓорѓи за
80. Пачемски Миле за
81. Пенов Ристо отсутен
82. Петковски Тито за
83. Петрески Зоран за
84. Петров Горан за
85. Положани Азиз отсутен
86. Поп Арсов Петар за
87. Поповска Лилјана за
88. Поповски Никола воздржан
89. Рамадани Агим за
90. Рахиќ Есад за
91. Реџепи Даут отсутен
92. Рилкоски Никола воздржан
93. Салију Селвије отсутна
94. Салиу Шабан за
95. Секуловска Мирјана за

96. Селмани Ајше отсутна
97. Селмани Елмазе за
98. Серафимов Влатко отсутен
99. Спасеновски Александар за
100. Спасовски Оливер воздржан
101. Станчевска Нада за
102. Стефановска Анета за
103. Стоилковиќ Иван за
104. Стојанов Ристо за
105. Сулејмани Фадил за
106. Танчева Тулиева Надица за
107. Тачи Мендух за
108. Ташева Виолета за
109. Топузова-Каревска Роза отсутна
110. Трајанов Павле за
111. Ќуркчиев Никола отсутен
112. Филипова Верица отсутна
113. Хасипи Кенан отсутен
114. Хани Тахир отсутен
115. Цаноски Фијат за
116. Цветковска Благородна воздржана
117. Џафери Арбен отсутен
118. Шамбевски Оливер за
119. Шекеринска Радмила отсутна
120. Шутаров Васко за

Гласале вкупно 82 пратеника, 68 пратеници гласале за, воздржано 14, против нема.

(Аплауз во салата).

Констатирам дека пратеникот Бесим Догани е избран за потпретседтел на Собранието на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, дозволете ми во ваше и во мое име на Иван Анастасовски и Бесим Догани да им го честитам изборот за потпретседатели на Собранието на Република Македонија и да им посакам успех во работата.

(Аплауз).

Процедурално збор побара пратеникот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Само да ја информирам јавноста, да не се егзалтира многу опозицијата дека имаме проблеми при гласањето. Очигледно јас не знам добро да гласам, како и Матоши, само ние двајца не гласавме и затоа немавме 62 гласа. Но испадна подобро, 68 пратеници го поддржаат предлогот на ДПА. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам сите да станеме.

Ги молам потпретседателите на Собранието да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

(Претседателот и присутните во салата стануваат, претседателот го чита текстот на свечената изјава, а потпретседателите повторуваат по него).

“Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Ги молам потпретседателите да ја потпишат свечената изјава.

(Потпретседателите ја потпишуваат изјавата, а претседателот на Собранието им честита).

Процедурално има збор пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Ќе предложам да работиме по 18,00 часот, а причините зошто сакаме да работиме после 18,00 часот се затоа што сакаме навистина да дојдеме до Интерпелацијата во однос на министерот за образование и наука и сите граѓани да дознаат за настаните на Тетовскиот универзитет.

Затоа, барам поддршка од мнозинството да ме поддржат и да работиме по 18,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има поддршка од 10 пратеници? (Да).

Процедурално има збор пратеничката Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Јас би побарала нешто друго. Бидејќи сме информирани, надвор временската ситуација е лоша, има многу магла, а ние патуваме секој ден, бараме денес да се работи до 17,00 часот, затоа што како што сум информирана дури и авионите не слетале денес, а знаете каква е ситуацијата со автопатот и ние сме изложени на ризик во патувањето.

**Љубиша Георгиевски:** Предлозите ги ставам на гласање по ред како што стигнаа.

Ве молам да се изјасниме за предлогот на пратеникот Ружди Матоши.

Гласале 79 пратеници, за предлогот гласал 61 пратеник, воздржано 2, против 16.

Го ставам на гласање и предлогот на пратеничката Цветанка Иванова.

Процедурално, има збор пратеничката Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Очигледно дека немате разбирање за безбедноста и за нашиот живот, јас го повлекувам навистина предлогот и мислам дека ако нешто се случи, би требало недај Боже...

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам, ќе се молам на Бога за вас.

Предлагам заради мои процедурални обврски да работиме до 20,30 часот.

Процедурално има збор пратеничката Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Очигледно дека немаме разбирање од страна на парламентарното мнозинство не само за одредби од Деловникот, туку и за човечки причини. Јас сакам да укажа, дека навистина на некој од пратениците нешто се случи, одговорноста ќе биде ваша, а искрено се надевам дека нема да дојде до тоа.

Од името на пратеничката група на СДСМ барам еден час пауза согласно Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не еден час, објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 16,43 до 17,07 часот).

Продолжуваме со седницата.

**Минуваме на точка 2-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратенци.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 54 пратеници, за гласале 54 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал.

**Минуваме на точката 3-Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата и безбедност и соработка во Европа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 61 пратеник, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

**Минуваме на точката 4-Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.

**Минуваме на точката 5-Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организазција.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 57 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација.

**Минуваме на точката 6-Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратенци.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 65 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.

**Минуваме на точкта 7-Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делеегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Медитеранот.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 67 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Медитеранот.

**Минуваме на точката 8-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 69 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

**Минуваме на точката 9-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

**Минуваме на точката 10-Предлог на одлука за разрешување и именување на претседтел и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Јани Макрадули.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Денес на предлог на Комисијата за избори и именувања имаме предлог за промена на составот на Комисијата, како и именување на нов, во една област која во европската агенда е на високо место. Колку напредуваме во процесот на приближување кон Европската унија, една поопфатна област ја опфаќа и борбата против конкуренцијата или за заштита на конкуренцијата. Многу пати сум зборувал во ова Собрание, особено кога зборуваме за телекомуникациите, дека за жал во изминатиот период во одредени области не сме успеале да се избориме против монополот на Македонски телекомуникации заради неактивната, или според мене пасивната позиција на Комисијата за спречување на конкуренцијата од една страна, но од друга страна, заради неможноста во Комисијата да се задржат најдобрите кадри кои можеме да ги најдеме во оваа, како што реков исклучително битна европска приоритетна комисија. Се случувало во стручнитер служби каде што делува Комисијата за спречување и за заштита на конкуренцијата да бидат подложни на разни понуди од големите компании, се случувало најдобрите кадри да преминат во Македонски телекомуникации, како што е случај со еден врвен стручњак.

Затоа, со загриженост го читам составот на Комисијата на членовите што се понудени, бидејќи како што е наведено согласно член 25, за претседател и членови на Комисијата "може да биде именувано лице државјанин на Република Македонија со завршено високо образование, Правен или Економски факултет, со работно искуство над пет години во струката".

Тука ги задоволуваат некако критериумите, но ниеден од понудените не задоволува да има посебни знаења, како што пишува во членот 25 точка 5 од областа на конкуренцијата, трговското право, менаџментот и финансиите. Особено од конкуренцијата ни еден од понудените кандидати нема искуство во својот работен век, работено во областа на заштита на конкуренцијата, или разни ограничувања, нарушувања и слично. На пример, еден од кандидатите во својата биографија пишува дека бил избран и активен во повеќе органи и организации и тоа, член на Одбојкарскиот сојуз на Република Македонија, член на Извршниот одбор на Одбојкарскиот клуб Вардар-Тутун, долгогодишен активист во хуманитарни организации, Црвенио ткрст, што е

за почит, но не соодвествува на потребите за конкуренцијата трговско право. Претседател на Комисијата за организација и развој на Црвен крст на Република Македонија, како и член на Извршниот одбор на истата организација.

Мислам дека сме свесни, дека кога не оценуваат на нашиот пат кон Европа, тоа јасно им станува на сите, дека првото прашање, капацитетот на институциите треба да го градиме со понуда на квалитетни луѓе. Не може човек од друга страна што работел 4 години во локалната самоуправа со петгодишно искуство во својот работен век, а не во одредена област, 5 години има севкупно работно исксутво, од кое што 4 години има во Министерството за локална самоуправа и една година во Општината Сарај како раководител за правно финансиски и општи работи, не можеме да се надеваме дека некој како позитивно ќе ја оцени промената и понудата на овој тип,или на овие биографиии што овде ги имаме.

Јас се надевам дека претседателот Чедомир Краљевски со кој што имаме коректни односи, навистина го замрзнал или не членува во органите на политичка партија, иако со долгогодишното искуство во политиката, мислам дека можеше повеќе да придонесува таму, отколку овде, но очигледно, како кандидат на ВМРО-Народна партија се назначува за претседател и тука заради неговата квалитетна биографија, од аспект на она што го работел, нема да го коментирам. За жал, другите кандидати не го задоволуваат членот 25 став 5 и се плашам дека борбата за заштита или за спречување на конкуренцијата ќе биде ослабена. Нема да се подобри квалитетот и капацитетот на оваа институција и мислам дека во следниот извештај на Европската комисија, се плашам дека нема да добиеме позитивна оценка во овој дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Претседателе ви благодарам. Пред нас денеска имаме Предлог одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во таа насока би сакал да кажам неколку збора.

Прво, да ја изразам поддршката на ВМРО-ДПМНЕ за предлогот, да кажам дека ќе гласам за. Сметаме дека од предложените членови Чедомир Краљевски како претседател, Тодор Зафиров, Мевљан Љутвиу, Васил Дончев и Ѓорѓи Димитровски можат да ја извршуваат соодветно нивната задача.

Во таа насока сметам дека ќе имаат навистина голем предизвик пред себе од многу едноставна причина, што зборот конкуренција во поголем дел од економијата во Република Македонија практично да не постои. За жал сме сведоци на многу монополи што постојат во определени индустриски сектори,односно многу монополи што постојат во одредени сегменти и од стопанството и за жал тоа како такво стои.

Она што е интересно кога зборувате за нешто да говорите од некоја морална појдовна точка, или барем за мене тоа важи како член на централно десничарска, односно христијан демократска партија и во таа насока сметам дека опозицијата најмалку има морална појдовна точка да зборува за конкуренцијата, однсоно да зборува за заштита на конкуренцијата. Би набројал во последниот случај на Комерцијална банка, чиј што директор е случајно поранешен премиер и поранешен министер за внатрешни работи, и наку близок на оваа структура и на поранешниот претседател на СДСМ и начинот на кој што беше, односно не беше продадена. Исто така, да речеме, можеме да зборуваме за конкуренција на пазариштата во Скопје, односно колкава е конкуренцијата на зелените пазари во Скопје, или можеме да зборуваме за конкуренција за она што се нарекува производство на пиво во Република Македонија, или производство на вино во Република Македонија. Можеме да зборуваме за конкуренција во Шпедиција, можеме да зборуваме за конкуренција во хотелиерство, во игри на среќа и т.н. За сите овие работи јас сметам дека имам морална појдовна точка од каде што можам да зборувам и сметам дека оваа Комисија навистина, ќе има работа, заедно со антимонополската комисија да работи на овие случаи и по примерот на САД каде што еден Мајкалсофт кој што е природен монопол во својата област, не заради тоа што тоа му го дозволила Владата, туку заради тоа што успеал да се наметне како таков, мораше да најде начин и да ги раслои своите дејности,односно да воведе конкуренција во својата област. Во Македонија, за жал, немаме таков пример. Имаме пример каде што Владата тоа го стимулира. Еве повторно ќе се вратам на банкарскиот систем, каде што со постојните законски решенија, со постојниот состав на Народната банка на Република Македонија со постојните позиционираности на определени личности, ние практично не можеме да видиме странска банка во Македонија и сме единствена земја во државата која нема филијали на Хипобанка, на Рајфајзен, на Сосиечџенерал и така натаму. За сите не сакам да зборувам. И во таа насока, уште еднаш би сакал да потенцирам. Мислам дека ќе го подржиме овој состав со јасно барање да се бори за заштита на конкуренцијата и исто така, би сакал да кажам дека сем навистина сериозно заинтересирани за нивната работса, заради тоа што е многу битно како ќе ја вршат својата работа и до колку не ги остварат задачите кои се исто така поставени така ќе реагираме, за што се надевам дека нема да има потреба.

На крајот, се надевам дека ова е една од мерките и чекорите во насока на она што се вика привлекување на странски инвестиции во Македонија и уште повеќе овозможување на домашниот капитал конечно да се ефектуира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Можеби и нема да е збор, но се надевам дека ќе бидам краток. Старите велат, од дрвото не можете да ја видите шумата. Оваа дискусија на нашиот колега Николовски, е потврда дека не го знаеме законот, не знаеме за што дебатираме, а уште ја спомнуваме монополската управа или антимонополската управа која што со претходниот Закон заврши како поим и со Законот за преодните и завршните одредби помина во Комсиија за заштита на конкуренцијата. Вработените, опремата и средствата од монополската управа наидоа во Комисијата за заштита на конкуренцијата, но тоа е непознавање на материјата и дебатирање за нешто што апсолутно нема врска со задачите на Комисијата.

Сега можеме да дебатираме за тоа дека за господинот Николовски само тие банки што се од Германија му се интересни. Отидовме во оваа варијанта со една таква Влада во ред, Германски Бундестак ќе ни личи Собранието. Тоа е во ред. Но, факт е дека 60% од пазарот во Република Македонија во банкарскиот сектор припаѓа на меѓународни или интернационални банки. Е тоа не му се допаѓа него, кои се тие, но тоа е факт. Но, мислам дека тоа не е предмет на денешната расправа. Интересно е зошто не го споменува нај болниот, монопол во Република Македонија е Телеком и Телекомот. А, тоа е не го споменува од проста причина што во овој момент коалиционите партнери Никола Груевски и Даниел Дончев, учествуваа во процесот на дефинирање на тој монопол. Јас сеуште што чекам едно автентично толкување, да дојде на дневен ред поставено пред два месеци, ама никако да го видам. Што ќе превземе Владата, она за жал што ние не успеавме да го направиме, како ќе се справи со монополот на Телекомот. Но, тоа не е тема, а тоа е типичен пример број еден, приоритет во Европа, либерализацијата или борбата против монополот во Телекомуникацискиот сектор. Секогаш кога ќе дојде некој претставник од Европската комисија тоа ќе ве праша. Затоа, да се вратиме на темата. Зборувам за закон, каде што е пропишано какво искуство треба да имаат луѓето. Ако бидеме навистина, како што вели колегата Николовски десничари, чесни и реални, ќе се слушнеме меѓу себе и ќе слушнеме дека јас кажав не сум задоволен од она што беше сработено во претходните 4 години. И сум имал многу забелешки. Особено, во борбата против монополот во Телекомот. Прочитајте ги стенограмите при носењето на Законот за електронски комуникации што се сум кажал. Но, имајки го предвид составот на Комисијата кој што не работеле во оваа област, кој што ја немаат исполнето законската одредба од член 25 став 5 да имаат посебни знаења од областа на конкуренцијата трговското право, сум загрижен за капацитетот на институцијата наречена Комисија за заштита на конкуренцијата. Затоа, ја изразувам нашата загриженост и затоа пратеничката група нема да гласа за овој состав што е овде напишан.

**Љубиша Георгиевски:** Александар Николовски, има реплика три минути.

**Александар Николовски:** Господинот Макрадули се однесува како воопшто да не биле на власт во изминатите 4 години. Од 4 години можеа да работат на укинување на монополот во фиксната и во мобилната телефонија, од кои што 4 години во 3 години беа обврзани дури и со барање од Европската унија. Да ве потсетам само дека при последната посета на господинот Пјер Мирел во Македонија, кажа една од забелешките, односно една од петте работи што не е направено или не е во реализација во телекомуникацискио тпазар и во таа насока оди она што се вика распишување на тендер за трет мобилен оператор, а многу брзо ќе видиме и конкуренција во фиксната телефонија. Во таа насока сметам дека е нечесно само да се обвинуваат одредени структури за одредени потези, а да не се прави ништо до колку се смета дека не се правилни да се променат.

По однос на банките убаво е да проверите колкав процент од македонското стопанство, во која банка ги остварува своите финансиски работи, односно, колкав дел од своите средства низ која банка ги поминува прво.

Второ, да видите колкави се каматите во Република Македонија и да ги споредите само со балканските земји и трето, незнам зошто има фобија од Германија, па нели спомна само германски банки. Јас за вoља на вистината споманв и една американска банка и спомнав една француска банка, но не знам зошто има ваква германофобија кај СДСМ воопшто и да речеме, кај нивните блиски структури во медиумите, па трибуните на левичарската идеологија, во Утрински весник ни пишуваат колумни, како ќе ни се налутеле сега Американците заради тоа што одиме во посета на Германија, што е само резултат на фрустрацијата,од можеби тоа што нивниот поранешен претседател не можеше да оствари ни една билатерална посета подалеку од Подгорица и Белград. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Јани Макрадули, една минута.

**Јани Макрадули:** Овде не помага ни Колумната на Ѓорчев. Трагично. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Почитуван претседателе, мене ми е мило што кога се разговара за Комисијата за заштита на конкуренција, вие не прекинувате расправа која што нема врска со Комисијата, но тоа ќе го сфатам како добар гест кон подршка на политичката конкуренција во Собранието. Веројатно, во тој дух ќе се разговара и за Деловникот.

Сакам да го изразам моето жалење што еден млад колега употребува импутирани ставови, напаѓајки ги во исто време и медиумите и приватните банки во Република Македонија, небаре ова е времето на национализација од

1945 година, а сакајќи да се произнесе себе како класичен десничар. Во десницата има едно основно правило, тоа е почитување на сопственоста. Ако е така оставете ги приватните субјекти сами да одлучуваат како ќе работат, а вие објасните како ја оправдувате довербата на граѓаните на Република Македонија. Ако е тоа така, зборете дали оваа Комисија има капацитет или не, да се бори за заштита на конкуренцијата, која што е една од обврските, навистина, многу сериозни кога станува збор за нашето интегрирање и во Европската унија и во НАТО за кое што сега после три месеци сакате да зборувате, како и за сите аранжмани на Република Македонија со меѓународните финансиски институции. И дозволете, кога некој со аргументи ќе ви сугерира дека ова не е во ред, убедете не во спротивното. Навистина, не знам до кога вие ќе се однесувате како опозиција, а ние ќе се однесуваме повеќе со аргументи и посериозно, отколку што тоа вие го правите. Не знам до кога тоа ќе трае, веројатно, не знаете ни вие, бидејќи е многу лесно нешто да не се аргументира и да се зборува за нешто вчера, а не за нешто денес. Тоа е вашата обврска. Впрочем, ако идеата е дасе заштитува конкуренцијата со тоа што со непосредна спогодба ќе се купуваат за 20 милијони евра мазут од ОКТА, тогаш, тешко и се пишува на оваа конкуренција во Република Македонија. Гледам како реагирате кога ќе го кажам тоа, знам дека ве боли. Ама треба да знаете уште една работа. Ние сега вас ќе ве прашуваме, ќе ве прозиваме, а вие,не за да ни одговорите нам, туку да одговорите таму каде што сте добиле доверба, пред граѓаните, ќе треба да кажете што правите.

Со оваа Комисија вие воведувате на мала врата обид да не ја заштитите конкуренцијата. Напротив, неа да ја дестимулирате и да овозможите функционирање на некои нови монополи.

Оттаму, јас се придружувам кон мојот колега Макрадули и останатите во пратеничката група на СДСМ, кои што оваа Комисија на овој начин со овие луѓе предложена,не сметаме дека ќе одговори на поставените обврски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има реплика Александар Николовски, три минути.

**Александар Николовски:** Прво што би сакал да истакнам е дека ние имаме политичка волја да се бориме за воведување на конкуренцијата во сите сегменти на стопанството и економијата во Република Македонија. Тоа апсолутно го докажуваме во првите не цели сто дена од Владата, а во наредните 4 години, апсолутно ќе имате прилика да се уверите во тоа. Зошто кажав дека ќе ја подржам и како пратеничка група оваа комисија, односно составот. Заради тоа што овие кандидати да речеме немаат никаква врска со Скопски Пазар, со Макпетрол, немаат никаква врска со Фершпет, со Македонија Турист, со Европа и т.н. Прашањата кои што ги отварате за Окта и за Телеком ги отворавте изминатите 4 години, тоа е во ред за тоа можеме да дискутираме. Но можеби една од причините поради која што ги изгубивте изборите е тоа што само ги отворавте прашањата, а не ги решивте. Веројатно, да ги решивте во насока во која што говоревте ќе имавте погоелма поддршка. За жал, тоа не се случи.

Во вториот дел од реплиакта, иако ми е непријатно, најискрено би морал да позборувам со вас околу десницата,односно околу центар десниот концепт. Во Европа центар десен концепт значи христијан демокрација, значи солидарност и братство односно егалите, фратерните, либерте, во духот на Францускта револуција од 1889 година и значи либерална економија, односно либерален пазар. Она за што се залагаме ние како десница е либерална економија, односно либерален пазар и еден од оние кои што се ако сакате игорува на ова учење е Милтон Кридман, што за жал, почина пред неколку дена и кој што заедно со Реган ја воведе таканаречената реганова економија.

Така што, ако се прашувате за каков економски концепт ќе се залага ВРМО ДПМНЕ во наредните четири години, читајте го Фридман. А, по однос на тоа дали се приватни или државни итн., само ќе ве потсетам дека ние овие денови завршуваме со процесот на денационализација, кој што го воведе партијата на која што вие сте идеолошки наследник, според вашиот статут.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, ова е многу конкетно решение и претставува дел од еден поширок комплекс на јакнење на конкуренцијата и јакнење на пазарните елементи на нашата економија. Степенот на заштита на конкуренцијата во Македонија не е добар. Пазарноста на стопанството не е доволна и во тој контекст може да се суди за комисиите и за сите што работеле на тоа, па сосема е нормално новата Влада да предложи и нов состав на оваа комисија и ние ќе гласаме за оваа комисија.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 62, воздржани нема, против 11.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Минуваме на точка 11. - Предлог на одлука за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и**

**надградба на зградата на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучува претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Збор има Валентина Божиноска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседателе, тоа е Предлог-одлука за утврдување на потребата, јас би сакала да кажам зошто ќе гласам, воздржно, бидејќи сметам дека ова е зграда која пред извесен период мислам дека само за покривот направи една сериозна санација, реконструкција и тоа беше околу 40, дозвлете да некажам тони, но сериозни килограми на излиен и редок пласт на бакар. Според тоа, мислам дека таа санација беше од сериозно и ефикасно значење на тоа дека оваа зграда е заштитена од управата како зграда на културно наследство на Македонија Од тие причини, а како припадник на човек од областа на културата, сметам дека апсолутно и Собранието има право за донесување на ваква одлука од особен интерес што сите сме сведоци на тоа дека парламентарците и немаат свои кабинети, немаат каде да работат, но од интерес на значење на управата и од тоа дека оваа зграда е заштитена како културно наследство, ќе гласам против.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Треба да ве известам дека сите надлежни фактори штосе грижат во таа свера ни ветија дека ќе ни дадат Нихилопстат. Според тоа, тоа нема да биде проблем.

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави Додовски Марјан.

Повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Јас би се надоврзал на дискусијата на колешката Божиновска. Сепак, Собранието на Република Македонија како објект претставува еден од репрезентативните објекти кои нешто значат и за историјата и за културата и на Градот Скопје и на Република Македонија. Според мене и онаа интервенција која беше направена на влезовите во македонското Собрание само го нагрди ликот на оваа зграда. Лично мислам дека треба да се бара посоодветно решение во однос за работни простории за пратениците и нема да гласам за оваа предлог одлука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, дозволете да кажам неколку збора. По однос на оваа предлог одлука, јас сум апсолутно еден од присталиците, бидејќи имав прилика да видам како работат и останатите парламенти и сметам дека на секој пратеник треба да му се овозможи простор за да може да го работи она за што е избран. Меѓутоа, лично мислам дека имаше поадекватни решенија за ова, а едно од тие е да се направи врска или со текот во план е преселување на институцијата претседател на државата и со пополнување на тој простор да се обезбеди делот за пратениците. Вториот е, да речеме, дел од статистика, а статистика да се префрли на некој друг објект. Мое размислување е, јас сум малку разочаран од односот на колегите и очигледно им е добро во Собранието и задоволни се со просорот што го имаат, лично сметам дека како архитектонско уредување, како изглед, како архитектура, како она што значи култура на живеење, оваа зграда треба да остане ваква. Лично сметам дека секоја надградба и промена на изгледот на ова Собрание ќе го поремети целиот амбиент на околината. Јас тука ќе гласам против, бидејќи сметам дека има други поадекватни, веројатно и поефтини решенија, со кои што одредени просторни решенија можат да се најдат како соодветни. Како едно од тие решенија предлагам и зградата на Југобанка, каде што дел од институциите во околината можат да се префрлат, а ние да отидеме во соседните згради. Така што, уште еднаш да повторам, јас ќе гласам против овој предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма.

Збор има Мендух Тачи.

Повелете.

**Мендух Тачи:** Само го поддржувам господинот Есад Рахиќ кога зборува за делот на институцијата претседател на држава, а не за човекот кој седи тука. Јас ќе гласам против ова.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Атанасовски Иван.

**Иван Атанасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Иако не сум потписник од еден од колегите кои се потпишаа на оваа одлука, јас мислам дека она што го говореше колегата Есад Рахиќ, можеби оди во прилог во насока ние како пратеници си ги подобриме условите за работа, бидејќи од претходниот состав оваа функција ја извршуваме професионално. Затоа, искрено кај мене се јавува дилема од она што го постави како дилема господинот Есад Рахиќ, можеби таа институција претседател на држава и треба да се дислоцира, за да се отвори поголем простор за работа на пратениците. Искрено да кажам дека јас сум во дилема, меѓутоа, ќе гласам за оваа одлука, иако имам и јавно сум говорел за ова, дека имам поинакви ставови.

Меѓутоа, сепак, ќе гласам за оваа одлука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Повикувам да гласаме.

67 пратеници гласале, за гласале 56, воздржано 6, против 5.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконсрукција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 12. - Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити.**

Инерпелацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Согласно член 45 став 1, од Деловникот на Собранието, еден од пратениците што ја поднеле инерпелацијата има право на седница на Собранието да ја образложи во траење од 20 минути.

Дали некој од подносителите сака да ја образложи интерпелацијата.

Има збор господин Алити Рафис.

Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Георгиевски.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

После Парламентарните избори од 5 јули 2006 година и по изгласувањето на Владата, граѓаните очекуваа од актуелната Влада, не зависно од аномалијата на изразувањето на нејзиниот состав што нема поддршка од најголемата и легитимната албанска партија, коалицијата ДУИ и ПДП, многу брзо се забележа повреда на Уставот и на законите од страна на Министерството за образование и наука. Со согласност на Владата, интервенирајќи на неуставен начин во Државниот универзитет во Тетово.

Почитувани, ние сме принудени да поднесеме интерпелација пред Собранието преку оваа интерпелација од парламентарната група на ДУИ и ПДП бараме од пратениците да се стават во служба на заштита на Уставот и законите. Ние бараме од пратениците совесно, одговорно да докажат дека сте во функција на почитување на Уставот, законите и грдењето на правната држава, како еден од основните критериуми поставени од меѓународните механизми за интеграција на државата во ЕУ и во НАТО. Цел, која што е консензуална во Македонија. Затоа, ние денес ќе нагласиме дека министерот за образование и наука направи повреда на Уставот и законите со неговото делување. Министерот направи повреда на повеќе правни одредби. Јас ќе спомнам само неколку од нив.

Прво, има повреда на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија. Има повреда на начело на владеење на правото.

Второ, повреда на член 46 од Уставот на Република Македонија, гарантирање на автономија на универзитетот.

Трето, повреда на член 47 од Уставот на Република Македонија, гарантирање на слободата на научно творештво и како обврска што ја има државата за поттикнување, помагање и заштита на развојот на науката, уметноста и културата.

Четврто, повреда на член 51 став 1, од Уставот на Република Македонија, каде што се нагласува дека обврска на секој, како и на министерот на Владата е да го почитува Уставот и законите.

Петто, повреда на член 58 од Уставот на Република Македонија, гарантирање на начелото на професионално служење и надлежност при раководењето и управувањето на јавните институции.

Шесто, најголемо непочитување се направи при повредување на одредбите на Законот за високо образование од Службениот весник на Република Македонија под број 64/2000 и измените во бројот 49/2003 и бројот 113/2005. Овде во членот 1 став 1, точка 1 е дефинирана автономноста на Универзиетот како академска слобода, слобода во раководењето и неповредливоста на автономијата на Универзиетот. Автономијата е јасна и во другите членови, почнувајќи од членот 10 до членот 14 во гореспомнатиот закон.

Седум, исто така има повреда, фраглантна повреда на законот кој што е во однос на составот и надлежностите на Сенатот на Универзиетот поаѓајќи од член 65 до членот 67 од Законот. Конкретно, се говори за членот 67, став 1, алинеја 9, каде штосе нагласува на дециден начин дека Сенатот прави избор и разрешување на Ректорот.

Осум, има и повреда на законските одредби кои што се во однос на изборот и надлежностите на Ректорот од член 68 до член 70. Посебно во делот во кој се определлува и утврдува кој може да биде ректор. Според кој член Ректорот се избира од редовите на професорите, редовните професори во времетраење од четири години. Може да биде разрешен под услови утврдени со статутот на Унвиерзитетот. Пред истекот на рокот кога е избран од органот кој што го избрал Сенатот.

Исто така, имаме повреда и при случајот на разрешувањето и именувањето на директорот на Основното училиште во селото Желино. Во овој случај на флагрантен начин се повредува Законот за локална самоуправа, Законот за основно образование, со кој што никаде не се предвидува директорот на основното училиште да го именува или разрешува министерот, затоа што големиот паќет на законите за децентрализација барем ова прашање е уредено јасно и прецизно. Значи, овие надлежности ги има само училишниот совет и градоначалникот. Одговорноста на министерот и на целата Влада продолжува и во областа на градењето на објектите, на самите објекти. Така, министерот за образование станува основен и главен виновник за тоа Скопје да нема зграда Зеф Љуш Марку со една арбитражна одлука. Значи, господинот Рушити го прекинува договорот со извршителот на работите и го прекинува градењето на толку потребниот објект за учениците на оваа гимназија. Исто така, ја блокира изградбата училиштето во Житоше. Не

зависно од фактот што минатата Влада имаше обезбедено финансиски средства господинот Рушити изгледа дека има добиено наредба да уништи се што е во однос на албнаското образовнаие и албанските ученици. Во оваа негова просветеност, господинот Сулејмани ги има прекинато почнатите реформи во основното и средното образование. Овие сигнали се вознемирувачки и треба да не загрижат сите, затоа што, доколку министерот и Владата немаат одговорност за нивните дејства, овој Парламент и овој состав треба да се изрази и да каже стоп на оваа тешка и опасна тенденција за денешнината и за иднината на нашите деца и целото општество.

Исто така, треба да ви ставам до знаење дкеа неколкугодини се работело на подготовката на овие реформи, не само домашни експерти, туку и со директно вклучување на познавачи од оваа област од Европа,УСАИД, КАРТЦ програмата и Светската банка.

Јас само ќе ве потсетам дека само УСАИД има помогнато со 13 милиони долари, реформи во образованието, КАРТЦ програмата со 2,5 милиони евра. Исто така, со неколку милиони има помогнато и Светската банка итн.

Коалицијата ДУИ и ПДп очекува пред Собранието и во јавноста да се понудат аргументи и факти за сите овие аномалии кои што се направени во минатото во Универзитетот, Државниот универзиетет во Тетово.

Истовремено, кон оние автори на тие аномалии да се преземат конкретни мерки од страна на надлежните авторитети. Во спротивно сите работи што се кажани од господинот Рушити и потпаролот на ова Министерство за образование и наука или пак на самата Влада ќе ги сметаме како измислувања и тенденциозни шпекулации со лоша намера. Ние бараме од пратениците да се гарантира автономијата на Универзиетот, гарантирана со Устав и закон, врз основа на која гаранција е создадена можност научното творештво во универзитетите да биде слободно и без политички влијанија. Ние бараме од пратениците, посебно од парламентарното мнозинство како одговорно за функционирањето на правната држава да ја поддржи оваа иницијатива, со тоа што ќе ја спречи можноста за такви интервенции кои што се во директна спротивност со Уставот и законите.

За овие констатации, за повредата на автономијата на Државниот универзитет да бидат констатации кои што се основани и не се политички мотивирани, докажува и Извештајот на Хелсишкиот комитет за месец октомври и Информацијата на Комисијата за борба против корупцијата.

Само да ве потсетам дека Хелсишкиот комитет и Комисијата за борба против корупцијата, меѓу другото бара Парламентот да преземе мерки кон министерот за образование, додека според нашата мерка која Парламентот може да ја преземе, во овој случај е да го подржи нашето барање за интерпелација на минстерот за образование и да бара негово разрешување и да гласа за таквото разрешување. Со ова не само што ќе исправиме една грешка на министерот, туку Парламентот ќе го искористи единствениот механизам за контрола и исправка на работата на министерот за образование. Со ова ние ќе имаме чиста совест пред граѓаните, студентите и пред сите интелектуалци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Согласно член 45 став 2, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, министерот има право на седницата на Собранието да даде одговор на поставената интерпелација во траење од 20 минути.

Дали министерот за образование и наука, господинот Сулејман Рушити, сака да даде одговор на поставената интерпелација.

Има збор министерот за образование и наука, Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Како прво треба да се потсетиме на Законот за високо образование, конкретно на член 181 за понатаму да ги доставам и аргументите, како е постапено и зошто е постапено така.

Членот 181 вели: "Кога министерот надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високата образовна установа работи спротивно на овој и на друг закон со кој се уредува вршењето на високо образовната дејност, со записник ќе укаже на високо образовната установа за незаконитоста на работењето и ќе и определи рок за отстранување на незаконитоста, кој рок не може да биде пократок од 6 месеци.

Министерот наделжен за работите на високото образование пред да донесе решение, може да ја предупреди високо образовната установа за отстранување на незаконитоста. Ако високообразовната установа во определениот рок не постапи според укажувањата од ставот 1 на овој член и ако со укажувањето на незаконитоста во работењето, битно се повредува овој Закон, министерот надлежен за работите на високото образование донесува решение за привремено запирање со работа на високообразовната установа и за тоа го известува основачот.

Министерот надлежен за работите на високото образование пред да донесе решение за привремено запирање со работа на високообрзовната установа ќе побара, ќе побара мислење од Одборот за акредитација.

Против решението од став 3 на овој член, може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија. Против решението на Владата на Република Македонија може да се поднесе тужба до Врховниот суд на Република Македонија, чија одлука е конечна.

По правосилноста на одлуката од став 6 на овој член, министерот надлежен за работата на високото образование, ја брише

високообразовната установа од Регистарот на високообразовни установи".

Се повикувам на оваа интерпелација да објаснувам за процедурата, за законитоста и наводно дека не сум постапил согласно законот и согласно Уставот.

Почитувани пратеници, од страна на увидот на Државниот просветен инспекторат, документирани се неколку неправилности. Најважната и најтрагичната неправилност е дека од самата регистрација, Државниот тетовски универзитет не се регистрирал согласно законот и согласно процедурите.

Тука ја имам копијата од регистрацијата во судот, со која се регистрира установата и органите на универзитетот т.е. ректорот, а датата на која се регистрирале е 10.09.2004 година. Од записникот и од увидот се гледа дека конститутивната седница на која треба да се бира Сенатот, а Сенатот да предложи, да бира ректор, е на 27.09.2004 година. Значи прво, се регистрирани органите, се регистрирал ректорот, а после се одржала конститутивната седница и само ги утврдила тие што претходно биле регистрирани.

Почитувани пратеници, сметам дека со овој документ се докажува дека тој универзитет, немал органи, немал Сенат и согласно тоа сите одлуки која ги донела таа група која се нарекувала Сенат, не може да бидат легитимни, а тоа значи дека не бил разрешен легален ректор туку личност која работела во универзитетот, а кој не бил, согласно законот, избран за ректор.

Од увидот на Државениот просветен инспекторат утврдени се и други аномалии. Само двајца претставници на тој сенат ги исполнуваат законските услови и критериуми да бидат членови на Сенатот. Ако сакате можам да цитирам дел од законот кој може да биде член на Сенат на една високообразовна установа. Член на Сенат на високообразовна установа може да биде само професор кој е во редовен работен однос во таа институција. Тоа не било случај тука. Член на Сенат може да биде само професор кој ги исполнува академските критериуми и звања. Тоа не било случај тука.

Од увидот на Државениот просветен инспекторат, па и од Комисијата составена од членови од Секоторот за високо образование од Државен просветен инспекторат, утврдени се и други неправилности. Од ревизорскиот извештај исто така се утврдени голем број на неправилности, не само за неспроведување на законот, туку и за безброј финансиски, за жал, малверзации.

Почитувани, сметам дека во моментот ние се залагаме тој универзитет да го ставиме во институционални рамки. Тоа што вчера се случи со дадената согласност од страна на Министерството за финансии за стотина професори кои ќе работат, кој ќе ги надополнат тие празни места, значи ќе овозможат и двата факултети кој во моментот не ги исполнуват условите, согласно Одборот, согласно Законот и слогласно потребната документација до Одборот за акредитација, знаете сигурно, за да постои еден факултет до Одборот за акредитација треба да достави дека има тројца професори и тројца асистенти кои всушност се основачи на тој факултет. А знаете дека ако универзитетот нема три факултети плус две високи школи, или четири плус еден, тогаш секако дека го губи правото да се регистрира како универзитет.

Почитувани пратеници, сметам дека, иако јас сметав дека интерпелацијата ќе биде конкретно само за Тетовскиот универзитет. Тука се изнесо и други прашања се изнесе и прашањето за Зеф Љуш Марку.

Јас не сум подготвен да одговорам туку ќе поставам едно прашање до вашиот пратеник, претходен министер.

Како сметавте дека ќе се случува и што ќе се случува со Зеф Љуш Марку, кога не законски го тргнавте еднииот изведувач кој добил на тендер и внесовте друга фирма да ги продолжи работите. Сигурно дека едната фирма ќе покрене и покрена судска процедура и судот донесе одлука да се врати прввиот изведувач кој добил на отворен тендер. Сметам дека на овој начин ќе се решаваат и другите судски процедури кои и ден денес ги имаме во Министерството за образование дека ќе ги почитуваме до крај процедурите и ќе очекуваме, за сите други незаконски вработувања кои веќе ги имаме документирано од страна на ревизијата, ќе ги тераме до крај.

Што се однесува до пречката дека реформите не продолжуваат,сметам дека тоа е само еден обид да се дефокусира вниманието од тоа што е главен проблем во моментов или од тоа што треба да се отвори како дебата во овој Парламент, а тоа е незаконското работење на Универзитетот, од самото формирање.

Почитувани пратеници, ние не случајно дадовме согласност за стотина нови професори, бидејќи таму предавале лица кои, за жал, не знам дали имаат и документ и за основно училиште.

Сметаме дека, понатаму за да се стави во институционални рамки универзитетот, ќе имаме појаки критериуми.

И на крај, јас сум тука и ќе одговарам, ако сакате и на инвидуални прашања, но сметам дека сето ова се прави, ќе се прави и ќе продолжиме да се грижиме за студентите. Знаеме дека студентите не постојат за универзитетите, туку универзитетите за студентите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со претресот.

Молам кој бара збор?

Процедурално за збор се јавува Славица Грковка.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Согласно праксата барам еден час пауза по доставувањето на стенографските белешки од излагањето на министерот за да можеме

конструктивно да дискутираме по договорот на интерпелацијата на министерот.

**Љубиша Георгиевски:** Со оглед на тоа што министерот говореше 9,5 минути, ќе ви биде доста половина час пауза.

Пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,13 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места во тишина и ред.

Добро, продолжуваме со претресот.

Збор побара министерот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Претседателе,

Ве молам, ако може службите да дојдат да се поделат записниците и решенијата од страна на Инспекторатот, што ќе им помогнат на пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во ред. Ги молам службите да ја соберат целата документација од кај министерот Рушити и да се исциркулираат на сите пратеници кога тоа ќе биде технички возможно.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Соочени сме, ја гледаме, ја имаме поднесено првата интерпелација и тоа конкретно, интерпелацијата за работа на министерот за образование и наука Сулејман Рушити.

Од негова страна имаме конкретно објаснување во врска со моментите што беа поврзани со она решение што го донела, а се однесува на работата и функционирањето на Тетовскиот универзитет и во тој дел можеме да им подариме верба и едноставно, можеме да ги констатираме оние работи што ги констатирал Државниот просеветен инспекторат.

Исто така деновиве, односно вечерва можевме да ги видиме предизвиците со кои се соочува Министерството за образовние и наука, а поврзано со претходната работа на Бирото за развој на образованието. Мислам дека таму има веќе работа за Министерството за внатрешни работи. Треба да се испитаат сите моменти што едноставно упатуваат на тоа да видиме што и како се случувало таму, како биле делени дневници, како биле делени хонорари, како биле доделувани одобренија за учебници, едноставно да се осврнеме на целата работа што се однесува на работата на Бирото за развој на образованието.

Само би сакал да изразам задоволство од она што министерот го прави во изминативе 96 дена, а тоа е подготвување за крупните предизвици на Министерството во наредните четири години. Јас би рекол и предизвици на следната генерација македонски граѓани. Во моментов, во македонскиот образоваен систем и во основното и во средното образование се обучуваат оние луѓе кои допрва ќе влезт на општествната сцена и во процесот на производството. Така што предизвикот на ова Министерство се нарекува 18.000 ученици во моментов во Македонија кои не се вклучени во основното образование. Во добар дел станува збор за деца од сите етнички заедници, но исто така и од ромската етничка заедница, деца кои не се вклучени во процесот на образованието, а кои треба да ги однесеме во училишта. Зголемувајќи го бројот на училиштата ние го намалуваме бројот на идни затвореници, на идни зависници од дрога и луѓе кои, едноставно, ќе бидат дел од социјалната патологија.

Исто така, пред него стои предизвикот, што тој го најави и веќе работи на тоа, а се однесува на задолжителното средно образование. Тоа, Македонија ќе ја однесе едно ниво плус, едно скалило плус каде што ќе имаме дополнително обучена работна сила и ќе имаме луѓе кои понатаму ќе можат да работат во слободните економски зони. Затоа што, во моментов, имаме реалност во која што 56% од луѓето, од работната сила има или основно или помалку од основно образование. Таквата реалност сакаме да ја менуваме, а главен промотор на таа работа и главен проведувач на таквата политика, корисна за сите македонски граѓани, треба да биде Министерството за образование и наука.

Пред него и пред нашите институции стои предизвикот за поголема интернет пенетрација, за интернет мобилност што во моментот е некаде околу 6%. Навистина лоша бројка, едноцифрена бројка. Во тој дел, она што го имаме како нивни планови, како нивни програми им дваме полна поддршка.

Полната поддршка ја добива Министерството за образовние и наука, предводена од нејзиниот министер и за плановите поврзани со изучувањето на англискиот јазик, затоа што станува збор за алатка што е неопходна во глобализираниот свет.

Ја кажуваме нашата поддршка на Министерството за образование и наука, сметаме дека оваа интерпелација не е основана, сметаме дека чекорите што ги презел тој се и во согласност со Законот и позитивните законски прописи и во согласност со она што го утврдил Државниот просветен инспекторат и во согласност за превенирање на она што го имаме како ситуација, досегашна, во Бирото за развој на образованието.

Поради тоа, нема да гласам за интерпелација на министерот. Сметаме дека тој е обврзан со Програмата што треба да ја спроведе, според чекорите што ги презема и според реалноста што ја менува, а реалноста и промена на таа реалност ја поддржуваат мнозинството наши граѓани, независно од политичката провиниенција, религиската припадност или етничката заедница.

Програмите се добри. Се надевам дека за една година од сега, во декември 2007 година ќе можеме да констатираме дека Министерството направило исчекор, можеби не дека 100%

реализирало се она што требало да биде, додека најголем дел од работите се реализирани. Првичната атмосфера говори во прилог на тоа. Се надеваме дека роковите ќе бидат испочитувани и дека едноставно нема да имаме повеќе истражувања во Македонија што ќе утврдат катастрофално познавање на математиката во Македонија, ниска мобилност на учениците и многу слаба пенетрација на интернет мрежата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Навистина, нашата парламентарна група, еднаш мислевме дека ДУИ ја повлече оваа интерпелација, па донесовме одлука ако тие ја повлечеа интерпелацијата, ние ќе побаравме интерпелација за граѓаните да знаат за што се работи. И, навистина, во оваа институција сакаме да ги обелодениме сите вистински работи, колку беше ургентен и потребен упадот во оваа институција каде имаме злоупотреби, негативен развој кон нашиот пат на пристапување во ЕУ. Тоа е недозволиво да се работи вака и нетолерантно.

Пожитувани присутни,

Државниот универзитет во Тетово е основан, знаеме кога и знаеме како се случува тоа и како е основан, како течеа работите. Во минатата влада, со фолклорниот композитет што го видовме, дека наводно нешто направиле, се создаде едно лошо и на ова лошо зло, ние тоа зло го обелоденуваме и тоа зло ќе се расчисти.

Што е значајно? Кога злото го чистиме, излегуваат разни имиња. Името Азис, Насер Адеми, излегува името Исмаил Ахмети. Ако уште малку прочистиме ќе имаме имиња на градоначалници и разни други имиња што е нешто многу недолично. На крајот ќе излезе и името на лидерот на ДУИ, Али Ахмети, кој промовираше една ваква политика, беше во власта и управуваше со органите, така што е создадено нешто многу негативно во оваа институција. Ова ќе го аргументираме со факти.

Воведувајќи ги законските постапки, почитувајќи го Уставот и сите функционалности, како треба да функционираат државните институти, посебно во високото образование, имаме аргументи и врз основа на аргументите се спроведени овие псотапки. Ние сакаме интервенцијата да биде што пособдветна за да се реши дефинитивно овој проблем и оваа институција да почне успешно да работи.

Како пратеник сум љубопитен, Азис е замолчен, тој треба да биде фронтмен, да ја штити својата работа и да ја штити ова институција. Тој, како да ја затворил устата и не знам зошто не говори.

Сакам да ја изнесам работата на Сенатот. Колку била во спротивност со Деловникот и Законот, создавањето на овој Сенат  што не ги исполнил условите, за времето додека сме имале министер за образование и институции кои требале да интервенираат, најмалку да им дадат рокови да ги решат овие проблеми.

Под број еден,д-р Љутви Истрефи беше претседател на Сенатот, редовен професор, претседател на Сенатот, во спротивност со членот 61 од Статутот на Државниот универзитет во Тетово. Затоа што ректорот на овој Универзитет беше од овој ист факултет, од Факултетот за природно-математички науки. Деловникот, Правилникот не дозволува да има двајца од еден факултет. Значи ова е кршење, Азис ова можеш да го забележиш, ако имало прекршување, јас се чудам, ти си бил министер за образование и не се интервенирал во однос на овие прашања.

Се разбира, има незаверено досие на д-р Атуната. Оваа диплома не е заверена. Ова е забелешка што треба да се уреди. Доктор Дервиш Камбери, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, вработен со договор за работа на неодредено работно време, во досието нема оригинално копие, заверено, за неговиот докторат.

Под три, доктор Хамит Мемети, нередовен професор на Политехничкиот центар, вработен со неодредено работно време, во досието има незаверена копија на дипломата од докторатот.Не постои датум од 29-ти 2000 година. Во досието не постои рецензура. Во досиејата постојат две различни решенија за Хамит Мемети, едниот акт е одлука за избор на професор со стручно звање, а другиот акт е избор на професор со стручно звање како нередовен професор.

Доктор Решат Ќахили, доцент на хуманите науки во досието нема диплома за докторатот. Избран е како доцент на 26.06.2004 година, а во досието од Комисијата за рецензија на 10.06.2004 година од Приштина, Извештајот не е заверен и не постои архивски број и нема печат.

Магистар Мифтар Мемети, доцент на хуманите науки, е магистар по слика, за доцент е избран на 25.06.2004 година, Мифтар Мемети да се избере со квалификација како нередовен професор.

Доктор Насер Адеми, доцент на Правниот факултет, вработен со договор за дело на неопределено работно време, во досието не постои рецензура, рецензија.

Доктор Љупче Блажевски, доцент на Правниот факултет, вработен со договор за дело, со неопределено работно време во досието има незаверено досие за завршени постдипломски студии за магистратура. Во образовната квалификација како доцент е избран на 25.06.2004 година од истата Матична комисија. Само еден од членовите на Комисијата за рецензија го има потпишано Извештајот за рецензура. Само професор доктор Серафим Томовски. Во Комисијата учествувале и доктор професор Борче Давитковски и Благоја Трајановски. Извештајот не е заверен.

Магистар Фатмир Бесими, Економски факултет, како асистент соработник е избран на 17.07.2004 година, пак од истата Матична комисија. Во однос на другите податоци, не поседува ниту еден друг документ.

Доктор Борче Давитковски, редовен професор, надворешен член, не поседува никаков документ, нема досие во Државниот универзитет во Тетово.

Адем Беадини, студент, од Правната служба не е дадена документација за студентот Аднан Беадини. Тој има досие како вработен, каде се вели дека со решение на Матичната комисија се бира како шофер, со одлука на ректорот на 14.02.2006 година се назначува како правник во Ректоратот на Државниот универзитет во Тетово, во правната техничка служба. Има диплома на правник, дипломиран правник на Државниот универзитет во Тетово. Фотокопијата е незаверена, потпишана од проректорот Исмаил Ахмети. Наместо да се потпише од деканот, во време кога на Правниот факултет имаше заменик, вршител на должност кој беше потписник, овластен за дипломите на Правниот факултет.

Резиме за фактичката состојба на членовите на Сенатот, според докажаната состојба, врз основа на Законот за високо образование, условите за членовите на Сенатот ги исполнуваат овие лица: Само Адем Бејадини, студент и Блертан Положани, кои биле студенти.

Според докажаната состојба, врз основа на Законот за високо образование, услови за членови на Сенатот не ги исполнуваат лицата:Љутви Истрефи, Дервиш Камбери, Хамид Мемети, Решад Ќахили, Мифтар Мемети, Насер Адеми, Љубчо Блажевски, Петрит Положани, Фатмир Бесими, Александар Лековски, Зехра Хајрулаху и Борче Давитковски.

Ова е нешто што е докажано, дека немало Сенат на овој Универзитет. Сенат што би требало да ги има сите уредни документи за да функционира како универзитет. Според тоа ова се аргументи што говорат јасно и точно и има јасна артикулација. Сите знаете дека Македонија е земја што сака да биде членка на ЕУ. Имаме позитивни вести дека ќе имаме покана, од Рига, но со вакви постапки не можеме да одиме во Европа. Во Европа, најмалото зло што се врши во една институција е транспарентноста и се бара решение преку државните институиции.

Не знам од каде да почнам да ги кажувам лошите работи на овој Универзитет. Но, ќе кажам само една работа што е од големо значење и треба да се уверите дека навистина интервенцијата беше ургентна и мораше ургентно да се интервенира за да се уредат работите во оваа установа.

Кога бившиот ректор на Тетовскиот универзитет, господинот Нецбедин Беадини му се обрати на Министерството за внатрешни работи на 14.07.2006 година, тој се обраќа за да побара помош од МВР за да истражи неколку фалсификувани дипломи. Тогаш на власт беше СДСМ со ДУИ.

Дозволете ми на македонски да го прочитам:

"Универзитетската комисија на Државниот универзитет во Тетово, по писменото барање доставено од страна на Министерството за образование на Република Албанија за верификација, точноста, важноста на 15 дипломи од Правниот факултет и една диплома од Економскиот факултет. По извршената консултација со Службата за издавање на дипломи на Државниот универзитет во Тетово се констатира дека истите не фигурираат во матичната евиденција за дипломирани студентите на Правниот и Економскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово.

Тоа всушност значи дека презентираните дипломи не се издадени од Државниот универзитет во Тетово за кој сметаат дека претставува фалсификат".

Значи, се говори дека поранешниот ректор бара студентите кои студирале на Државниот универзитет во Тетово од Албанија Костантин Феза, Фатбардх Плаку, Александер Гавочи, Ерјон Скурај, Ќерим Фуша, Леонард Шпердеја, Адриатик Џемали, Тома Коти, Фахри Хасаној, Али Карај, Орест Цела, Бленди Котори, Али Алиу, Ауроа Битри, Сајмир Кука, Арјан Шанај Линдита Шанај,Фатјан Томаи, а на 22.06. каде се вели дека нагласените кандидати воопшто не фигурираат во матичната книга на дипломи на Правниот факултет. Истовремено се докажува дека овие дипломи не се валидни. Исто така документ на ДУТ потпишан од Нецбедин Беадини за Костантин Феза, Фатбардх Плаку, Александер Гавочи, Ерјон Скурај, Ќерим Фуша, Леонард Шпердеја, Адриатик Џемали, Тома Коти, Фахри Хасаној, Али Карај, Орест Цела, Бленди Котори, Али Алиу, Ауроа Битри, Сајмир Кука, Арјан Шанај Линдита Шанај,Фатјан Томаи со печат на ДУТ се констатира дека горе споменатите кандидати се евидентирани во матичната книга на дипломирани на Правниот факултет и дека овие дипломи се валидни издадени од ДУТ.

Тоа се два документи едниот вели дека се евидентирани, а другиот вели дека не се евидентирани. Овде е грешката, тие кои рекле дека се евидентирани сигурно е некој од вас, а министерот за внатрешни работи дали вршел притисок или вашиот претседател, дали вие сте го направиле тој притисок, кој е вмешан во овој криминал не ме интересира, но работите ќе ги следиме до крај и сите луѓе кои ги издале овие документи ќе ги однесеме во затвор, а кога ќе одат во затвор ќе ве потсетат како политичари дека сте им рекле да ги извршат овие работи.

Друго нема што да ви кажам.

Инаку, оваа работа не ја правиме од инает или да се создаде лошо меѓу нас, туку оваа работа ја вршиме со една цел институциите правилно да функционираат, но многу набрзо ректорот и министерот се консултирани и ќе имаме еден билтен каде сите дипломи и луѓе кои дипломирале на регуларен начин на ДУТ ќе се обратат на Министерството за образование на

Косово, на Министерството за образование на Албанија и тие дипломи ќе бидат валидни. Тие луѓе кои им зеле пари по 5 до 10 илјади евра за диплома, жалам тие луѓе ќе останат без дипломи, но срамот ќе остане на тие кои ги зеле парите и кои вршеле ваков криминал.

Не знам друго што да ви кажам, ова се аргументите кои ја обелоденуваат вистината во оваа институција не само што треба да се поддржи Сулејман Рушити, мислам дека треба да се помогне, бидејќи прашањата се регулираат и се создаваат можности за албанската младина и за сите граѓани да студираат на правилен начин и да имаме квалитет во оваа институција, ова бара поддршка, а вие го правите спротивното, го помагате криминалот, верувам дека граѓаните ќе увидат што сте работеле во текот на вашето владеење.

Ние сакаме овој универзитет да го унапредиме, чекорите се позитивни и ќе се движи со сите атрибути кои припаѓаат на еден универзитет.

Почитувани пратеници, сигурно и граѓаните кои не следат, имам досиеја на граѓани, личности, имам уверенија кога еден студент положил 26 испити за една година, значи еден студент положил 19 испити за една година, имам уверение кога еден студен дипломирал во 2002 година, а полагал испити во 2003 година. Значи, дипломата ја зел пред време. Имаме студенти кога не излегла ни првата генерација на хуманитарните науки, а стекнале дипломи и има две девојки кои се вработени со тие дипломи.

Затоа сакам да говорам со аргументи, аргументите се на страна на министерот Сулејман Рушити. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има реплики за Теута Арифи, Џеват Адеми, Блерим Беџети и Рафис Алити.

Да одиме по тој редослед, ве молам секој по три минути, ако има уште, пак ќе дадеме реплики.

Прва е Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Почитуван колега Матоши, очекував во една расправа која ги третира универзитетските прашања да покажете еден универзитетски концепт, пристап кон универзитетот и малку повисоко ниво со една голема енергија вие расправате за прашање, јас ја почитувам таа енергија, но има некои работи што не држат.

Не е лошо уште еднаш да се слушнете себе си, речникот што го користите, зборовите “ние ќе ве пратиме во затвор”, “ние ќе ве ослободиме од затвор”, пред неколку дена рековте почитуван колега Матоши. Вие сте само пратеник, не сте судија, ни суд, тоа се надлежните органи за да испратат некого во затвор или да го ослободат од затвор.

Со ова само покажувате како ја разбирате демократијата, верувајте тоа не е нешто со кое треба да се промовирате тука.

Минимумот што го заслужуваат универзитетските прашања на Албанците било да се третирани од нас или од вас без оглед на тоа за тоа што се говори за студенти заслужуваат помалку омраза во речникот.

Имам само едно прашање, бидејќи не покажавте дека Сенатот е невалиден, дадовте аргументи и моето прашање кое ви го поставувам, доколку тој Сенат е невалиден тогаш колку е валидна одлуката на истиот Сенат со истиот состав кој вие нагласивте порано дека е невалиден. Одлуката за поставување на местото на вршител на должност на сегашниот ректор, бидејќи по одлуката на министерот истиот Сенат се состави и во една празнична атмосфера одлучи да го избере вршител на должност сегашниот ректор. Дали е валидна таа одлука на Сенатот и дали е валиден овој вршител на должност.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Ружди Матоши една минута.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам за репликата. Не е важно како изгледам јас, важно е да ги земеш аргументите и да ги анализираш. Јас говорам со аргументи. Јас знам дека вие имате марксистички состав и продавате демагогија и фолклоризам, јас немам таква идеологија, имам една непосредна идеологија која ја пласирам на јавноста и секогаш ја констатирам вистината.

Ти, доколку си сакала да го унапредиш овој Универзитет си требала сама да отидеш таму и да бидеш професор. Напротив, твојата сестра која требаше да отиде на Универзитетот во Тетово, а не да се криеш во УИЕ каде имаш бенефиции и таму си доста комотна. Затоа со проблемите треба да се справиме. За тоа го имаме гласот на граѓаните и секогаш ќе работам да ги решам проблемите.

**Љубиша Георгиевски:** На ред е Џеват Адеми за реплика од три минути.

**Џеват Адеми:** Ментален проблем е што манифестира високо чувство на самообвинување и самоказнување да се говори со толку страст за наводните лоши работи на еден проект кој е многу поголем отколку една партиска припадност, кој проект е многу поголем отколку еден парламентарен состав или многу поголем од мандатот на еден пратеник.

Сакам да кажам уште на почетокот на оваа расправа искористувајќи ги моите три минути дека се чувствувам многу лошо и многу притеснет што преку ваква дебата или расправа ние пред јавноста покажуваме, кога велам ние, мислам на пратениците Албанци, независно од тоа на кој политички блок припаѓаме, покажуваме колку лош бил Државниот универзитет во Тетово и кога некој ова го прави со задоволство и кога некој го прави чаталејќи се како петел, тоа говори за неговата ментална структура.

Доколку еден процент од сето ова што се кажува дека се правело таму е вистина, тогаш многу жалам, ова е срамна одлука. Во духот на таа определба на борба против лошото јас ќе го

прашам пратеникот Матоши кој е вистинскиот Неџбедин Беадини дали тој што пријавува во полиција лажни дипломи, фалсификувани дипломи или тој што докажува дека тоа се валидни дипломи.

Колку што имам информации во бескомпромисната определба на министерот за образование и партијата на господинот Матоши овој поранешен ректор кој потпишува листи со фалсификувани дипломи и валидни дипломи тој се нагладува со функцијата директор во Институтот за еколошки истражувања во рамките на Државниот универзитет во Тетово.

Не знам каква порака се пренесува и која е целта, сеуште не ми е јасно, се надевам дека во текот на оваа расправа ќе успееме каде се крие вистинската цел и намера. Ги молам сите пратеници, во прв ред пратениците Албанци кога говорат за оваа тема, барем да не манифестираат задоволство, бидејќи тоа е во границите на самоуништување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Руждиi Матоши една минута.

**Ружди Матоши:** Бараме да говориме со јазикот на аргументи, а тој се труди да ни филозофира и да ја губи целта. Треба да ја кажеме реалноста дека имаме злоупотреби од најмалиот референт до министерот за образование. Треба да говориме со јазикот на аргументи. Јас имам илјада аргументи господине Џеват, ако сакаш ќе говорам уште два часа, но секогаш со аргументи. Еден по еден ќе ги изложам сите аргументи кои говорат за злоупотреби во оваа институција.

А, за тоа дека ние сме мисирки, ние сме мисирки, но вие сте кокошки. Се додека си дозволувате да работите вака во овие институции, вие сте мокри кокошки.

**Љубиша Георгиевски:** Има реплика Блерим Беџети, повелете три минути.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине Георгиевски, јас како потписник на оваа интерпелација го ставив мојот потпис и партијата што ја застапувам надевајќи се дека ќе постигнеме вистински ефект во Република Македонија да владее начелото на правото, а не муабетите за тоа кој што направил на тој Универзитет.

Колку што ми е познато постојат други органи кои ги следат и се надлежни, а не господинот Ружди Матоши. Но, сепак се радувам што господинот Матоши заедно со неговата партија еволуирал во оваа насока, колку што се сеќавам, а така е кога ПДП беше во заштита на Тетовскиот универзитет неговата партија која сега сака да му помага на Тетовскиот универзитет го нарече тој факултет колиба на Фадил Сулејмани. Затоа се сомневам дека е во право кога вели дека тие настојуваат да воспостават ред на тој Универзитет.

Понатаму во мојата дискусија ќе образложам, а сега само да го потсетам и го поздравувам што еволуирал од колиба во универзитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Ружди Матоши, една минута.

**Ружди Матоши:** Треба да ви кажам очи во очи. Ти ми кажуваш кој го убил Абдил Селајмини кажи ми твојата партија, Фрчковски и Црвенковски. Кој го затвори професорот Фадил, Абдурахман, твојата партија, Фрчковски и Црвенковски. ДПА го помогна овој Универзитет, не знаеш што говориш изгледа. Кога се основа Државниот универзитет во Тетово ДПА беше на промоцијата и во создавањето на оваа институција. Кога се создаде Државниот УИЕ кажи ми дали имаше некаква постапка во однос на тоа каде ДПА го допра Државниот универзитет. Главата му ја отсековте вие заедно со твоите другари кога го донесовте Законот и го осакативте. Ова е целата вистина.

**Љубиша Георгиевски:** На контра реплика нема одговор.

Повелете господине Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина ние како парламентарна група очекувавме од господинот Сулејман Рушити да ни понуди аргументи затоа што е повреден Уставот, повредени се законите за високо образование кога е во прашање Државниот тетовски универзитет, спомнавме разрешување на директорот во Желино и многу други работи.

Доколку господинот Матоши е избран за да ја брани целата меморија на повредување на законите, мислам дека господинот Матоши не ни понуди никаков аргумент освен што рече колку и да гребеме и изнаоѓаме нови имиња, тоа е сосема нормално затоа што господинот Матоши колку и да гребе и да бара нешто ќе најде имиња затоа што некој пред него работел нешто на тој универзитет, а ние веруваме дека тие имиња кои тој ги спомна направиле добри дела на тој универзитет затоа што сите ја знаеме ситуацијата на тој универзитет и додека не се донесе законот за официјализирање и откако се донесе истиот сосема е нормално дека ќе го најде името на нашиот лидер затоа што тој беше главниот кој работеше за официјализирање на тој универзитет и се разбира имињата на нашите министри.

Тој спомнува мито, корупција, Матоши спомна и други работи, јас навистина ќе го поддржам, ова го кажувам најискрено дека ќе го поддржиме да се фатат тие луѓе кои продавале дипломи независно од нивните имиња и презимиња, се разбира надлежните органи, а не Матоши или јас да ги пратиме во затвор. Треба да ги пратат надлежните органи. Велам министерот или господинот Матоши ги имаат сите тие механизмим во раце затоа што се на власт и лошото на тој универзитет треба да се отстрани и да се бори против тоа лошо на институционален начин, а не повредувајќи го Уставот, законите итн.

Кој направил во минатото за универзитетот нема потреба да говориме тука и да се фалиме, тоа го знае населението, тие најдобро знаат да проценат. Овде се кажа и тоа дека ние или тие сме направиле официјализирање.

Ти, господине Матоши, беше пратеник во минатиот мандат и ти не беше тука за гласање на истиот. Сигурно дека вашето присуство ќе ни помогнеше и нас тогаш да не направиме можеби грешка, доколку сме направиле некоја грешка во оваа насока, меѓутоа, вие ја напуштивте таа седница поради причини што само на вас ви се познати. Од друга страна говорите дека сте придонеле за официјализирање на Државниот Тетовски универзитет. Мислам дека тоа не држи.

**Љубиша Георгиевски:** Ружди Матоши, контра реплика една минута. Повелете.

**Ружди Матоши:** Повторно велам дека треба да говориме со аргументи. Знам дека претходниот дискутант едно време беше во ПДП и сега жали за работите што ги направила неговата партија. Говорам за времето кога беше во ПДП, бидејќи беше соработник со Фрчковски и Црвенковски и имаа добиено луѓе-Абдуљ Селими. Ова е една реалност и за ова пишува историјата, што направиле тоа е реалност. Но со најголема одговорност велам дека се што нудат институциите и правилниците, тоа што го нуди Уставот, судовите и Обвинителството ќе биде во функција на обелоденување на овие проблеми. Вие самите признавате дека таму има лоши работи и сите работи ќе ги решиме, но постепено.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално двајца пратеници се јавија. Прв Рафис Алити три минути и Мендух Тачи процедурално три минути. Повелете со тој редослед.

Три минути Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Мислам дека навистина треба да расправаме со аргументи и јас го поддржувам господинот Матоши во таа насока. Тој треба да ни понуди аргументи, а вие како претседавач, кога се спомнуваат имиња на луѓе кои не се присутни тука, мислам дека на било кој од нас треба да му го земете зборот затоа што не е во ред да се спомнуваат имиња како што спомна господинот Матиши. Со тие имиња барем мене ништо не ме поврзува. Меѓутоа, негово право е да ја злоупотреби говорницата, велам тоа е негово право, но ваше право како претседавач е да му го одземете зборот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Свртувам внимание дека не е добро да се спомнуваат имиња на отсутни луѓе од проста причина што не можат да одговорат. Но некои од тие имиња се историски.

Повелете господине Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине претседателе и ќе бидам краток.

Почитувани колеги пратеници, се направи пропуст од господинот Матоши, но верувајте ми тоа беше лапсус лингва, не беше намерна грешка и во име на парламентарната група сакам да ја поправам грешката и ако некој е навреден да побарам извинување. Ниту Матоши, ниту нашата партија никого нема да однесе во затвор. Но Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука, институциите кои се занимаваат со овие прашања се одговорни,политичката волја на ДПА е за следење на корупцијата, организираниот криминал и сите други феномени што се дегенеративни во нашето општество. Но и покрај тоа, почитувањето на процедурите треба да биде заеднички мотив за работа.

Второ, нешто што признавам: Поголема одговорност секогаш има владината структура за почитување на процедурите. Ве уверувам дека немаме други цели, но покрај тоа, вие имате право да се сомневате се додека наскоро не докажеме дека немаме други крајни цели. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Фадил Сулејмани.

(пратеник бара процедурална забелешка)

Матуши имаше процедурална забелешка. Јас прашав за процедуралната интервенција, сите што се јавија добија збор. Сега можете збор да земете и тоа е вред, тоа е исто, дали е реплика или збор во крајна линија.

Повелете, Фадил Сулејмани има збор.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван господине претседател, почитуван господине министер, почитувани пратеници и госпоѓи пратеници,

Вистина е дека Државниот Тетовски универзитето со официјализирањето фати една погрешна насока, насока наназад, за жал и за ова главен виновник е министерот и тогашното Министерство за образование и наука кои останаа индиферентни кон работите што го спречуваа нормалниот развој на Универзитетот во Тетово и не интервенирале на време за да тргне состојбата на добро, а на тој начин да не се дојде до состојбата која е денес.

Кога расправаме за последиците, а не за причините, не за предизвикувачите или причинителите, тогаш Тетовскиот универзитет денес е трет Државен универзитет во Македонија и како и секогаш, и пред и после официјализацијата, бил, е и ќе биде отворен за сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нација, вера, раса, социјален слој, род и пол. На овој Универзитет денес работат и учат илјадници студенти не само Албанци туку и Македонци и други. Тоа е наш заеднички интерес и сите ние треба да се интересираме за тоа, како и ние пратениците во овој Парламент, бидејќи таму ни е младината, а младината е наша иднина. Ние треба таа младина да ја едуцираме во прв ред во демократски дух, хуман дух и добри меѓуетнички односи и да ја издигнеме на потребното професионално и научно ниво, секако со добри кадри, со создавање на услови кои нудат квалитет во наставата, во студирањето итн. Вистина е дека овие работи кои се во спротивност со добрата работа на оваа високообразовна и научна институција почнаа да се конструираат уште со основањето на матичната Комисија за официјализација, некои велат за основањето на Тетовскиот универзитет. Меѓутоа, како и да е, во

оваа матична Комисија се именуваа луѓе. Таму беше именуван и претседателот на Комисијата, господинот Нeџбедин Беадини. Дури, именувањата се направија во канцеларијата на партијата ДУИ и така и продолжи политичкото влијание на оваа партија на Универзитетот, влијанието на Министерството за образование и наука, на министерот и на Владата. Значи раководните органи на овој Универзитет беа именувани, односно не беа избрани со слободно гласање и на демократски начин. Рекоторот, проректорите, претседателот на Сенатот, деканите, шефовите на катедрите, на администрацијата, генералниот секретар, шефот на сметководството-како последица од именувањето на ректорот на претседателот на Сенатот, на проректорите продолжија именувањата верижно на хиерархијата. Вака се повреди Законот и се повреди автономијата на Универзитетот. Веќе не се знаеше кој јаде, а кој плаќа на овој Универзитет или како што вели народот, и кучето не си го познаваше сопственикот. Почнаа нерегуларностите на Универзитетот. Како последица на именувањето на управувачките односно раководните органи беше повреден и Статутот и деловниците за работа и другите правни акти на Универзитетот. Академскиот кадар и административните работници се примаа на работа без конкурс и рецензија. Не се почитуваа универзитетските повици. Една мала група на луѓе од четворица го стави својот личен интерес над интересот на студентите и на педагозите, како и на административните работници. Нивната цел била материјалниот интерес и создавањето на една нивна лична кариера, па и политичк, на Универзитетот. Универзитетот се приватизира, односно се претвори во приватна сопственост на овие четири луѓе. Се претвори во место за вработување на нивните семејства и на нивните блиски, меѓутоа и на оние кои беа соодветни и доверливи за партијата ДУИ. Беа отпуштани од работа или не беа примени на работа кадри со потребните професионални и научни квлафикации, се примаа на работа најслабите, професионално најслабите со најниски образновни подготовки, меѓутоа беше доволно да бидат нивни луѓе. Вели, овој е наш човек, додека тој другиот не е наш и според тоа тие беа отпуштани од работа или пак се примаа на работа. Еве еден конкретен пример. Од овој Универзитет беа отпуштени овие добри научни кадри, доктори на науки кои работат од почетокот на постоењето на Универзитетот. Тоа ње: Д-р Наим Халими, д-р Зекирија Идризи д-р Фаредин Џелили и многу други. Дури има и многу други интересни работи. Јас сум принуден да спомнам и имиња, за да биде ова јасно со конкретни факти. Д-р Фаредин Џелили има завршено високо образование во Америка, таму има работено на еден американски универзитет неколку години но не се сеќавам кој. Со основањето на Тетовскиот Универзитет доаѓа и е ангажиран како квалитетен кадар на овој Универзитет и предава Физиологија. Тој има напишано книга по предметот Физиологија и бара од ректорот Нeџбедин Беадини да го финансира издавањето на истата. Меѓутоа, Министерството за образование и наука, односно министерот за образование и наука додели средства за издавање на книги како литература за студентите и тој побара дел од овие средства да се доделат за издавање на неговата книга од која имаат потреба студентите. Нeџбедин Беадини, поранешниот ректор му вели да, јас ќе ја финансирам оваа книга, меѓутоа, под услов таму да ја ставиш и мојата сопруга Шекиба. Овој размислува и вели во ред, ќе ја ставам, меѓутоа, вели не да ја ставиш втора како коафтор, туку да ја ставиш прва. Тогаш овој не прифаќа и поради тоа е отпуштен од работа. Човекот сега работи во една приватна ординација. Еве, вакви случаи имало.

Потоа, тие што ја критикуваа политиката односно деструктивната политика на Универзитетот и приватизацијата поради нивниот личен интерес односно интересот на управувачките структури тие беа отпуштани од работа и се разрешуваа од нивните функции. Доктор Сулејмани, не му го знам името, беше беше декан на Политехничкиот центар на Универзитетот. Тој неколку пати го критикуваше Нeџбедин Беадини, па беше разрешен од функцијата и таму за декан беше именуван Мендух Дока. Тој можеби е и првиот учител на Азис Положани, меѓутоа, Мендух Дока имаше над 70 години. Тоа беше во спротивност со законот. Сулејмани се жали на суд и таму добива. Меѓутоа, тогаш е разрешен и професорот Мендух Дока, кој има завршено само факултет или вишо образование, значи немал потребни квалификации за предавање на универзитет и тука сега доаѓа трето лице. Ете, такви работи се случувале, има уште многу други примери потоа.

Исто така, биле примени на работа луѓе со договор на дело, можеби тоа траело и една година, што е спротивно на законот, без решенија, кога сакале ги отпуштале од работа и наместо нив доведувале луѓе од нивните семејства. Потоа ги блокираа предметите, на некој професор му даваа да предава неколку предмети или ги задржуваа за себе, или ги резервираа за нивните семејства односно пријатели, ангажирајќи ги за повеќе предмети. Потоа, не им плаќаа хонорари на луѓето, кои освен нормата, предаваа и повеќе. За тоа има факти. Една група професори од 9 лица во месец март-нивната жалба беше објавена и во "Факти", јавно се пожалија и го критикуваа раководството на Универзитетот бидејќи не им плаќаа за нивниот напор и труд.

Сега да видиме кои беа овие 4 лица и нивните семејства, кои си велеа ние сме Тетовски универзитет. Првиот е ректорот Нeџбедин Беадини, поранешен ректор. Овој човек го именуваше прво како претседател на Матичната комисија за официјализација, а потоа и како ректор Владата на Република Македонија, во тогашниот состав. Значи Владата го именуваше него, меѓутоа, тоа беше и во согласност со

аспирациите на партијата ДУИ и на Министерството и тие тоа го прифатија. Значи немаа ништо против. Овој човек имаше само научно звање на доктор на науки. Меѓутоа, тој себе си се унапреди во ординарен професор. Значи не беше ниту доцент, само што докторирал, не знам ни каде докторирал, малку во Хрватска, малку во Албанија и не знам на крај каде ја добил дипломата. Тој себе си се унапреди во редовен професор. Сето тоа е во спротивност со Законот за високо образование. Исто така, таа диплома која ја стекнал странство не му беше нострифицирана од нотар за да биде легална и валидна.

Исто така, овој човек освен тоа што добивал пралата на ректор, имал и три други наставни предмети кои ги предавал, а ги предавал само на хартија, бидејќи немал време тој да предава три предмети. И ова за ректорот е противзаконоско, значи тој добивал паушал. Никој не ги знаел пралтите, тоа се правело дискретно и тајно. Се говореше дека Неџбедин Беадини заедно со неговата сопруга Шекиба добивале по пет-шест илјади евра месечно. Предавале многу предмети хонорарно, ќе видиме сега колку предмети предава неговата сопруга и за тоа добивале пари, плата, бенефиции тин.

Истиот ја унапреди и својата сопруга Шекиба Беадини во не редовен професор, значи еден степен подолу. И госпоѓата дипломата ја стекнала во странство, истата не била нострифицирана. Не била ниту доцент туку имале звање доктор на науки и ја унапредил и неа во нередовен професор.

Потоа, неговата сопруга Шекибе ја поставил како шеф на катедра по биологија, ја поставува за член на Сенатот и и дава 8 наставни предмети да предава, и некои предмети кои што не била од нејзината област на пример, анатомија и т.н. Потоа, често пати таа го поставувала Ректоратот во разни средби со други ректори, мислам дека и овде во Скопје во декември 2005 година имало средба на ректори и тогаш Шекибе го претставувала Неџбедин. Значи, сето ова е приватно прашање. Потоа Неџбедин градоначалникот на Боговиње Невзат Елези го зеде на Факултетот за фармација, мислам дека е лекар, предавал повеќе предмети, не сум сигурен, меѓутоа тоа што е во спротивност со Законот и што него го поставува шеф на Катедра на Факултетот за фармација.

Според статутот не може да биде шеф на Катедра некој што е на друго место во работен однос. Значи, тој беше избран во општината и ова е во крајна спротивност со Законот. Тој вршеше должност шеф на Катедра на фармација. Потоа, Неџбедин Беадини со препорака на ДУИ, господинот Али Ахмети го прими синот на неговиот брат Вујар, само што дипломира на Правен факултет, не знам со каков успех дипломирал и како дипломирал, меѓутоа, него го постави за продекан. Продекан без ниту едно научно звање. Љупчо Блажевски беше декан, а тој беше продекан.

Потоа, зетот на господинот Али Ахмети, Башким и тој само што дипломираше на овој факултет и него го постави за асистент на Правниот факултет, можеби, за да му биде по волја на претседателот на ДУИ. За да ги зајакнат колку што може подобро односите. Таткото на Башким, зетот на претседателот на ДУИ, Насер го постави за член на Сенат. Тоа го имаше и по весниците, информацијата дека Насер има магистратура која што е плагијат. За тоа пишуваше и во “Дневник”, дека има плагијат магистратура во Приштина. Потоа и дипломата на докторатурата што ја доби во Албанија, ја доби за два месеци, зашто докторатурата што ја  направил на Тетовскиот универзитет  му рекоа дека ќе треба да помине неколку години и после тоа нема да е признае. Тој затоа побрза, за да добие докторатура, за да може да се прими како редовен професор и т.н. И ова е во спротивност со Законот за високо образование.

Друго, Неџбедин Беадини ректорот, ги зеде своите двајца внуци од неговите браќа Адем и Хасими. Адем го поставува за шофер порано. Тој беше студент, му определува редовна плата. Прво го прави член на Совет, а потоа и член на Унијата на студентите и тој ја претставуваше и Унијата. Значи, тој беше и возач и редовен студент, а потоа кога дипломираше на Правниот факултет, него го стави да работи во администрацијата и како возач го постави Хасими. Тој беше возач понекогаш и на Неџбедин, а понекогаш и на претседателот на Сенатот Љутви Стрефи. Потоа Неџбедин Беадини го отпушта од работа еден хаус мајстор кој што неколку години порано работел тука и на негово место го донесува Фатмир, неговиот баџанак. Тука имаше работа за двајцата, меѓутоа, тој сосема го отпушти Исак и го донесе неговиот баџанак. Потоа нему му отвори фирма и тој тука нешто фарбаше, градеше некој ѕид, нешто репарираше и реновираше и тој знае се што фарбал и што правел таму на Универзитетот. Овој човек вработувал околу десетици други луѓе, не можам да ги редам по имиња. Значи, луѓе од неговото семејство, од неговата населба, од неговото село и подалечни роднини. Сите се тука на Универзитетот. Јас сакам Инспекторатот понатаму да истражува, бидејќи ќе открие уште многу работи. Имам уште многу работи да кажам, меѓутоа, не сакам пред јавноста да ги обелоденам.

Потоа, овој човек Неџбедин Беадини има над 10 предмети за кривично дело во Тетовскиот суд. Некои од нив се дојдени и во скопските судови за неправдите, за повредување на човековите права, за неисплаќање на хонорари. Значи, имам прецизни информации. Има 13 предмети во суд. Ова е еден доказ дека таму имало големи неправди.

Потоа, Неџбедин Беадини именуваше, бидејќи него го именуваа порано други, тој го именува и

генералниот секретар Башким. И работите одеа добро, меѓутоа, кога Башким Селмани, генералниот секретар сакаше да ја прими неговата сопруга како асистент по албански јазик, тие не ја примија и што направи Башким. Тогаш напиша во “Факти” дека и Али Ахмети, се извинувам, и Исмаил Ахмети, чичкото на Али Ахмети и Љутви Стрефи, претседателот на Сенатот работат истовремено и на Приштинскиот универзитет. Значи, таму се редовни и овде се редовни. На две работни места се со редовен работен однос и тоа на раководни позиции. Башким Селмани тоа го направи. Што направи тогаш Неџбедин Беадини. Тој напиша, тој не знае да пишува, меѓутоа Серафим пишуваше. Ќе зборувам и за него затоа што документацијата на Тетовскиот универзитет беше само на македонски јазик. Овие грешки, овие неправилности доаѓаат и од тоа што сме имале неспособни луѓе на тој универзитет. Луѓе, кои што не знаеа да пишуваат, не знаеа да говорат, затоа Серафим им ги пишуваше. Еднаш го прашав за што се работи господине Серафим. Дали знаат, или не сакаат - “Не Фадил, не знаат”, и Серафим секогаш пишувал македонски и таму има уверенија, документи, одлуки, што се сите на македонски. И тоа ќе го утврди Инспекторатот, меѓутоа, како и да е, ние го знаеме македонскиот јазик и кога некому му треба некое уверение, или пак одлука не гледам многу на кој јазик е напишано. Ова доаѓа и од неспособноста и од недостатокот на академското оформување, интелектуалното оформување на индивидуите. Тие кога ги направија за ректори и проректори, им го дадоа Универзитетот и им дадоа одврзани раце да прават што сакаат и да уживаат како во татковата нива. Завршивме со ректорот, за тоа што направил Неџбедин Беадини.

Да видиме за Серафим Томовски.

Серафим Томовски, пензионер, кој што работел на Економскиот факултет во Скопје, има над 70 години и тогашната Влада на Република Македонија го именува проректор за финансиски прашања на Тетовскиот универзитет. Еве каде е противзаконитоста. Како може пензионер со над 70 години, тој рече дека се откажал од пензија, но тоа не е значајно, за да се именува на позиција на ректор. Да биде редовен кадар на Универзитетот во Тетово. Како е можно едно вакво нешто. Ова го велеше често пати Серафим Томовски дека - “јас сум именуван од страна на Владата на Република Македонија, имам имунитет и никој не смее да ме чепне”. Ова го правеше секогаш кога нему ќе му излезеше некој проблем. Сум слушнал дека ги снимал и седниците на Сенатот и други седници на Универзитетот. Зошто ги снимал, со какви намери, кој му наредувал и каде ги носел тие снимки, знае само тој.

Одиме за другиот проректор Исмаил Мехмети.

Тој е чичко, или син од чичко на претседателот на ДУИ, господинот Али Ахмети. Исмаил Мехмети никогаш не работел на Универзитетот во Тетово. Никогаш. Господинот Али Ахмети од Приштина, значи, работел во Приштина, бил лектор на арапски јазик и го седнува на фотељата на Ректорот за наставни прашања. И ова е противзаконито. Не може да се постави на позиција на еден функционер некој кој што не е тука или не бил во редовен работен однос воопшто. Значи, прво треба да се прими како редовен вработен во институцијата, а потоа да се избере проректор за наставни прашања. Овој човек не ги исполнува ниту академските услови, затоа што нема вистинско образование, академско образование, кое што би му овозможило да раководи една лаичка институција. Тој има завршено верско образование во Багдад, во Ирак. Некои луѓе велат дека завршил училиште за имам во џамија. Бидејќи знаеше арапски, во Приштина го вработиле како лектор по арапски јазик. Сите тетовци велат дека го раководи Универзитетот оџата. Јас немам ништо против оџите, меѓутоа, навистина, Тетовскиот универзитет не е ниту џамија, не е ниту медреса, туку е институција за високо образование, која што треба да ја раководат соодветни луѓе со потребни професионални научни квалификации, а не на овој начин. Исмаил Ахмети ја користи својата позиција и ја зема својата ќерка Бахтије и ја поставува за асистент по германски јазик со многу слаби квалификации, слаби оценки, додека неговиот зет Фатмир го поставува во администрацијата. Гледаме вработувања, непотизам и семејни вработувања што се случувале таму, а што е најлошо, сега тој не може да ја оправда својата плата како проректор, туку треба да му се даде предмет за предавање. Најголем апсурд е тоа што му даваат предмет на албанска книжевност. Тој никогаш не предавал. Јас ги прашувам студентите: “Дали имате книжевност?” -”Не, воопшто немаме”. Еве ја штетата која е предизвикана на Универзитетот во Тетово и на студентите. Тука се примија многу луѓе на работа и како неквалитетни кадри, со несоодветни квалификации од семејството на Али Ахмети од нивното село, така што во Тетово има една нова поговорка: “Блазе си му на оној што е од Кичево”, што покажува дека Универзитетот е посед, имот на претседателот на ДУИ, Али Ахмети.

Сега доаѓаме до претседателот на Сенатот.

Претседателот на Сенатот, Љутви Стрефи го именуваше господинот Азис Положани. Ова ви го кажувам, бидејќи јас сега останав. Можев и јас да бидам ректор таму, немаше ништо лошо во тоа. Верувајте, доколку, (од место се слуша смеење) да, смејте се, мислите дека Фадил Сулејмани го доведе Неџбедин Беадини. Не, доколку јас го донесов Неџбедин Беадини за ректор, ќе се поставев себе си за ректор, а не Неџбедин. Доколку бев јас ректор, немаше да се случат овие проблеми. Воопшто немаше да имаме проблеми од овој вид таму. Јас му реков на господинот Али Ахмети кога дојде да го посети Тетовскиот универзитет: “Али, каде одам јас сега? Бев ректор, еве да станам сега претседател на

Сенатот" - "Не", рече тој, "Местото за претседател на Сенат го има резервирано господинот Азис Положани, и тој ќе го постави за претседател неговиот човек од Струга, Љутви Стрефи", така и се случи. Ова беше пред да почне официјализацијата и т.н. Со еден збор, што гледаме во Универзитетот? Овие четворица ги поделија областите на интереси. Секој имаше своја област на интерес во Универзитетот, имаше свој удел, и имаше свој човек. Владата го имаше Серафим, овој го имаше Љутви Стрефи, третиот го имаше Исмаил Мемети и никој не можеше да им го наруши мирот.

**Љубиша Георгиевски:** Дали привршувате?

**Фадил Сулејмани:** Еве сега привршувам. Тука можат да се пишуваат книги и романи, меѓутоа, како и да е, доколку нема рака, а сепак има. Јас еднаш го прашав господинот Положани -" Дали ти ги знаеш овие работи, дали имаш сознание за ова?" Тој рече: "Да". Јас му реков:"Зошто не интервенираш?". Тој ми рече: "Не ми дозволуваше Законот". Како може ова да стои дека Законот не ми дозволува. Правниците ова го знаат малку подобро од мене. На недејствувањето, или нереагирањето во оправдани услови е негативно дејствување. Дејствувањето на овие околности е позитивно дејствување. Значи, недејствувањето, нереагирањето на господинот Азис Положани како министер во оправдани околности во Тетовскиот универзитет, за да го спаси од тешката ситуација од катастрофата што ја донесе тој самиот, е негативно дејствување, додека ова што го направи господинот министер Сулејман Рушити е позитивно дејствување. И тој што не дејствуваше, нереагираше, треба да се осуди. Имал одговорност и треба да поднесува сметки. Додека овој што го спаси Универзитетот во Тетово треба да се пофали, да се цени и да се награди, затоа што тој ден го празнуваа сите студенти, педагозите, народот кој што виде дека се спаси Тетовскиот универзитет. Ќе кажам само еден пример за споредба. На пример, да кажеме дека одиме по еден пат и гледаме дека некоја куќа гори, децата пискаат, жени, деца, бараат помош, ние доаѓаме во таква ситуација да одлучиме дали треба да им помогнеме на овие луѓе или не. Ние не ја запаливме куќата, не е наша вина, некој друг го направил тоа, меѓутоа, сепак ние во оправдани околности треба да дејствуваме, затоа што нашето нереагирање за спасување на тие луѓе е негативно реагирање. Ова го направи господинот Азис Положани, додека тој што ја спаси е Сулејман Рушити.

Или, да го земеме случајот за сообраќајни незгоди. Ние не сме ја направиле таа сообраќајна незгода.

Меѓутоа, треба да интервенираме, да им помогнеме на повредените, затоа што тоа го бараат оправданите услови. Како и да е Тетовскиот универзитет сега дише слободно. Има еден преврат. Таму веднаш почнаа процесите на спроведување на академските реформи, на прием на нови потребни професионални научни кадри, на избор на ректор, на нови органи, на декан, затоа што и деканите се именувани. Верувам дека ќе се извлече овој Универзитет, ќе фати правилен пат и тоа што е најдоброто ќе се отворат и постдипломските студии, затоа што најголемата штета што ја направи Асиз Положани на Тетовскиот универзитет и на албанскиот народ е тоа што ги укина постдипломските студии и на овој начин го угуши Универзитетот, го спречи обновувањето на овој Универзитет со нови кадри, со нов научен кадар. Тетовскиот универзитет е нов Универзитет, има потреба од кадри затоа треба да соработува со Скопскиот универзитет и со Битолскиот универзитет да ни помагаат. Ние сме нов Универзитет и имаме потреба од кадри, нека дојдат и Македонци нека предаваат. Јас еднаш имав 12, потоа 10, потоа 7 Македонци кои што предаваа и нека го дадат својот придонес. Ние имаме потреба, науката не познава јазици и граници.

Другата штета што ја предизвика од 15 факултети ги укина, а остави само 3-4 факултети, А, најголемата штета што ја направи на албанскиот народ и на сите граѓани на Република Македонија е што го укина Факултетот по медицина, стоматологија, така што го уништи здравјето на својот народ и на своите граѓани. Ете, ова е господине Азис Положани, кој што се смее, треба да се засрамиш господине Азис, затоа што направи криминал во албанското образование и албанската младина. Веќе нема место да се смееш и кога ќе се спомне името универзитет, ти треба да ја наведнеш главата и да се засрамиш. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Рафис Алити реплика, три минути. Потоа друга реплика има Селмани Ајше, што значи три минути, па по тој редослед повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина, внимателно ја проследив дискусијата на господинот Фадиљ Сулејмани. Сигурно дека доколку овде беше поранешниот ректор Неџмедин Беадини и тој ќе ја кажуваше својата прикаска, како што ја кажа својата господинот Фадиљ Сулејмани. Но, еве, нема можност да биде присутен и да ја каже својата прикаска. Јас жалам, навистина жалам и сите ние активисти од основањето на Тетовскиот универзитет кога сме собирале пари и сме ги дале таму за основањето на овој Унвиерзитет, кому сме ги дале овие пари и зошто сме им ги дале тие пари. Ова го велам, бидејќи навистина очекував многу од господиот Сулејмани и очекував повисоко ниво да елаборира и да ги каже аномалиите во овој Универзитет и како треба и каде треба да оди овој Унвиерзитет. Значи, од него ова не го слушнав. Сигурно дека тема за дискусија не беше Али Ахмети и неколку други имиња кои ги спомна господинот Фадиљ Сулејмани, но една народна изрека која вели некому кому му даваш леб, а не го почитува лебот, бегај од него. Така што, јас се жалам, ДУИ и Али Ахмети го почитуваа господинот Сулејмани, го почитуваа за неговиот

придонес во минатото. Но, не го почитува на гласачкото тело од ДУИ да им го врати на овој начин, како што вечерва дискутираше од оваа парламентарна говорница. Јас ќе го потсетам господинот Сулејмани за една прикаска која ја напишал Мехмет Али Оџа и ја прочитал во второ одделение, еден оџа со исклучок на сите други кога видел случај на мртви во тоа село, починати, на мртвите им говорел на уво. Тоа село беше љубопитно, мислам луѓето беа љубопитни што им вели оџата на уво на мртвите кога ги погребуваат, пред погребот во другиот свет на мртвите, побарале да им објасни, бидејќи другите оџи ова не го направиле. Оџата им вели, нема да биам веќе оџа. Вели, на мртвите им велам, кога ќе отидам во тој свет, кажете им кои се први во селово и тие ќе знаат во каква состојба се наоѓа ова село или ова подрачје. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Сулејмани Фадиљ, една минута.

**Фадиљ Сулејмани:** Господине Рафис, самиот ја кажа приказната со оџата, а јас кажав факти.

Што се однесува до парите, ниту една монета не е дојдена од ДУИ, ниту пак од нејзините луѓе. Напротив, Тетовскиот универзитет во најкритичните моменти беше помогнат со над 26 илјади марки, значи Универзитетот го помогна ДУИ кога беше по планините. Имаме спротивна ситуација, вие не ме почитувавте мене, ниту ме ценевте, доколку јас како пратеник добив гласови, победив единствениот од вас со заслуга. Те слушав Рафис, слушајме и ти мене. Пред четири години вие тројца добивте пратеници на мое име. Вие доколку ме почитувавте ќе ме чувавте и ќе ме државте во Универзитетот и немаше да ме исфрлите од Универзитетот и го земавте човекот од 70 години.

**Љубиша Георгиевски:** Селмани Ајше има три минути реплика.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани присутни, да ви ја кажам вистината. Јас сум вчудовидена од дискусијата на господинот Фадиљ Сулејмани и не очекував една ваква дискусија од еден поранешен ректор на овој Унвиерзитет кој се потруди да го основа овој Унвиерзитет и сега се труди да го сруши. Но, со овие имиња кои ги спомна господинот Сулејмани како неспособни за работа, мнозинството од тие лица биле и декани во времето кога господинот Фадиљ раководеше со оваа институција. Колку што можев да сватам, господинот Фадиљ, најголемиот револт го имаше бидејќи не бил именуван за ректор, а не зошто имал навистина многу нерегуларности, како што вели тој, зашто овие нерегуларности можеби се наследство од минатото. Колку што знам јас денес на оваа пленарна седница, не е Интерпелацијата ниту за Неџмедин Беадини, ниту за господинот Положани, затоа што господинот Положани не е веќе министер за образование и наука, туку се говори за сегашниот минситетр Сулејман Рушити, кој го прекрши законот. Нешто што не го велиме само ние како партија или како коалиција, кои сме ја потпишале оваа Интерпелација, ова го велат и други аналитичари и над се го поддржува и Комисијата за спречување на корупцијата. Додека во однос на работата на поранешниот министер за образование Положани, за неговата работа во минатите години како министер и за дилемата колку тој го прекршувал законот, нашите зборови мисламд ека се мали, бидејќи за него говори самата работа што ја направил. На пример, легализирањето на Државниот универзитет во Тетово, нешто што беше сон на Албанците и што мнозинството, за жал, овде се трудат да ја оцрнат оваа институција.

Второ, неповикување на оваа Интерпелација од тогашната опозиција поради оваа цел, што значи во врска со Државниот универзитет на Тетово. И, што е најглавно што ја докажува редовната работа на господинот Положани е небарањето на неговото гласачко тело за поднесување, за предавање на неговиот мандат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика Сулејмани Фадиљ една минута.

**Фадиљ Сулејмани:** Ајше беше моја студентка и доколку не беше на Универзитетот, Ајше немаше да биде во Парламентот, туку ќе се омажеше некаде по селата со шамии и димии. Значи, еве што и донесе Универзитетот. Интерпелацијата не ја потпишав јас, затоа што побара да се покрене интерпелација против Азис Положани, затоа што тој порано ја повреди автономијата и законите и се што се однесува на легализацијата. Значи, ДУИ не го легализира Тетовскиот универзитет, туку напротив, ДУИ кога се симна од планините ја основа Комисијата за високо образование и сакаше да го затвори овој Универзитет. Еве, тука е присутен и Фазли Велиу. Три пати сум бил кај него и му реков, немој да го затвораш овој Универзитет, а тој ми рече дека ние не можеме да се бориме веќе за твојот Универзитет, туку го имаме Европскиот универзитет и тн. Немојте сега да ги кажуваме зборовите, затоа што еден ден можеби ќе ги кажеме сите. Напротив, ДУИ ми направи заговор за исчезнување на Тетовскиот универзитет, а ДПА никогаш не се мешаше во внатрешните работи на Универзитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани пратеници, сакам да ја завршам овде седницата, бидејќи веќе 14 минути го кршиме Деловникот.

Се договоривме и изгласавме дека ќе работиме до 20,30 часот. Меѓутоа, сакав да ја заокружам оваа рунда на дебатата и се заврши седницата во едно природно време.

Утре во 11,00 часот ја имаме Осумнаесеттата седница по ред и таа се надевам ќе биде кратка, а потоа продолжуваме точно овде каде што застанавме со оваа седница.

Ви благодарам и ви пожелувам добра ноќ, како и среќен пат дома. Внимавајте по пат.

(Седницата прекина со работа во 20,45 часот)